*Јонче Јосифовски*

# ТЕОРИЈАТА НА ПОЗНАНИЕТО И ФОРМАЛНАТА ЛОГИКА КАЈ СРБИТЕ ВО XIX ВЕК

Српските покраини во текот на XIX век доживуваа историски пресврт кој доаѓа како последство на двете востанија, она од 1804 и она од 1815 година. Потесната Србија се здобива со политичка самостојност. Таа постепено се ослободуваше од турското возалство, а во 1833 година со хатишерифот на султанот селаните станаа сопственици на земјата која ја обработуваа, со што се стори голем чоекор напред во решавањето на социјалните прашања.

Меѓутоа, економски Србија стоеше на мошне ниско стапало: без развиени градови и градско стопанство, без прогресивна класа која ќе биде заинтересирана да го движи општеството напред како економски така и културно. Освновата на општествниот живот беше натуралното производство при што преовладуваше сточарството, а во социјалните односи доминираше патријархалниот задружен систем на селото во кое 1834-та година живееше 93,5% од сето население[1]). Тоа беше како создадено да се развие еден особен тип на апсолутистичка управа која на кнез Милош му осигуруваше не само неограничена политичка власт, туку и можност во своите раце да ја сосредоточи и трговијата, а со тоа са се здобиле со огромни богатства. Со ограничувањето на неговата власт од страна на „уставобранителите" се создава во тогашна Србија еден слој бирократија која беше не само политичка ами и економска категорија. Таа со сурови методи ја спроведуЗаше првобитната акумулација[2]). Селанството и сето производно население беше изложено на самоволието на управувачите, несигурно за својот имот и живот, подложено на постојани кулучења, без можност да се бави со трговија. Кон тоа се надоврзуваа претераните порези и земањето мито.

Сепак, развитокот во кнежевството на економскиот и социјалниот план одеше напред, иако споро, ткаа што во средината на векот резулаттите од првобитната акумулација станаа сосема видливи. Тогаш се појави во Србија една нова класа: трговската буржиазија и богатото селанство, врз базата на зголемувањето на паричното стопанство кое

---

[1]) В. Веселин Маслеша, Дела, т. III, Светлост — Сарајево, 1956, стр. 19,

[2]) В. op. cit., стр. 77 и др.

го разјадуваше натуралнот произовдство и патријархалниот задружен општествен строј. Првобитната акумулација добива порафинирани форми меѓу кои е зеленаштвото, а со него и појавата на поголема задолженост на селаните, нивното пропаѓање и одење по градовите по работа.

Во многу поразвиената област во која живееја Србите во Јужна Унгарија во првата половина на XIX век се вршеше класна и социјална дифернецијација која особено беше изразита на село каде сѐ помал број од селаните стануваат сѐ побогати, а поголемиот дел осиромашува. Населението во градовите економски постојано јакне и се збогатува, а врз базата на тоа се засилуваат неговите културни и политички стремежи така што граѓанството беше носител на прогресивните движења кои овој крај го издигнаа многу напред во однос на кнежеството. Таму се основаа и првите средни школи. Така во 1791 година се основа Карловачката гимназија, 1794 богословијата, во Сент Андреја се основува 1812 година учителска школа, 1816 година се основува српска гимназија во Нови Сад итн. Мнозина Срби се здобиваат со високо образование по градовите на Австрија и Унгарија со што се содаваа услови за појавата на српската интелигенција.

И во Србија почнуваат постепено да се отвараат школи, а во 1831 година Белград добива нижа гимназија, која во 1835 година се претвара во класична гимназија. Во 1839 година се основува Лицејот прво како филозофски факултет, а потем и со правен оддел.

На овие школи и за нивните потреби се пишувани разни прирачници, а меѓу нив и за филозофија. Благодарение на нив Србите во XIX век стојат во однос на развитокот на филозофијата воопшто и теоријата на познанието и логиката посебно многу понапред од другите Југолсовени како по обемот на продукцијата така ѝ во однос на разнообразието на правците и квалитетот.

Во XIX век кај Србите имаме литерарна продукција која се оддалечува од рационалистичкиот, но и „практичен правец"[3]) на Диситкој на народен јазик се стремеше да ги пренесе во народот достигањата на европската просветена мисла. Се појавува период на „високоученоста" на славеносербите, кои се затвараат во тесните сфери на учените и просветените луѓе кои можеле да се служат со искуствоно создадениот славеносербски јазик. И филозофијата сега е дидактички насочена, со преовладување во неа на црковната идеологија и етичката проблематика што се сведувала на развивањето граѓанските „добродетели" и стравот од бога[4]). Заради својата специфична положба Србите во Унгарија биле мошне многу сврзани со црквата и претпазливи кон новитените што иделе од Запад па затоа во овој период преовлаудва и во филозофијата руското влијание, иако се преводат и подражаваат и автори од Германија и Унгарија. Овој период е сосема неоригинален и компли-

---

[3]) В. Милан Кујунџић, Философија у Срба, Гласник Српског ученог друштва, књ. VI., св. XXIII 1868, стр. 71—72.

[4]) В. библографски податоци за филозофската литература од Доситеј до Кујунџиќ, op. cit., стр. 172—177.

латорски, ако не и преведувачки. Со филозофија се занимаваат луѓе кои не се филозофи по професија.

Во ова време се појавува првата логика кај Србите што ја напишал *Николај Шимић* (1766—1848), адвокат и градски сенатор во Сомбор. Таа е издадена во два дела: „Логика сербскаго језика на глаголанију" (1808) и вториот дел: „Логика употребителнаја" (1809)[5]). Авторот не ги навел изворите со кои се служел, но анализата покажува[6]) дека при изработката на својот учебник тој се служел со руски превод на немскиот логичар Ф. Х. Баумајстер, ученик на Х. Волф под назив „Institutiones Philosophiae racionalis" (1835). Пишувана на смеша од рускословенскиот и српскословенскиот јазик во оваа логика Шимиќ ја задржал терминологијата на руският превод и во основата не се разликува од оригиналот. Тој него го преработил, а делум слободно го превел, го „посрбил" и оригинални се само примерите и илустрациите кои се од српската историја и современиот живот. Неговата заслуга се состои во тоа што со преводот на оваа логика која била раширена во школите во Унгарија, придонел за ширењето на логичката култура кај своите сонародници. Од друга страна, пишувана на искуствено исконструиран јазик, таа не извршила некое позначително влијание кое би можело да се очекува од една книга од ваков вид. И за Шимиќ логиката е „наука кога ги толкува правилата како треба да се зборува и расудува, разликувајќи го вистинското од лажното"[7]). Разликува природна и вештачка логика. Последната ја дели на теориска и практична. Го меша психолошкото и логичкото на секој чекор: не се разликуваат претставите од поимите, а доминантни поими со кои оперира се јасноста и разделеноста.

Од филозофските дела од овој период ќе укажеме на „Филозофската наука" (1809)[8]) преведена од германски од *Георги Бечкеречки* а напишана од неозначен автор. Оригинални се двете посвети на преведувачот на што обрна внимание Душан Недељковиќ во една своја статија[9]). Во посветата на својот мецена книжарот Дамјан Каулциј тој вели дека книгата имала неоценета важност заштo „таа содржи во себе таква светлина која во мрачните срца светли" и како сонцето селената со својата светлина „така и филозофската наука на науките (ги превсоходи другите науки) го просветува умот човечки со светлината на разумот." При ова тој ја објаснува целта на сочинителот: „да ги искорени за-

[5]) Насловите гласат: Логіка сербског языка на глаголанію, часть I, въ Будимѣ 1808; Логіка употребителная, часть II, въ Будимѣ 1809.

[6]) В. Андрија Стојковић, Прав српска логика, Филозофија и социологија, I, 1957, стр. 162—173.

[7]) Cit., ibid., стр. 167.

Помалку слободна адаптација и со понеоригинални примери од логиката на Шимиќ е ракописната логика на Аврам Мразовиќ (насловот: Логіка сіестѣ Умословие или Философіа умная итн.). В. Андрија Стојковић, Рукописна логика и метафизика Аврама Мразовића, Филозофија и социологија, I/1957, бр. 2—3, стр. 91—97.

[8]) Філософіческа наука, преведенна съ нѣмецкогъ езыка Георгіем отъ Бечкеречкій, Въ Будимѣ 1809.

[9]) Душан Недељковић, Георгије Бечкеречки и Руђер Бошковић заблуди и истини, зб. Руђер Бошковић у свом времену и данас Култура — Београд 1961, стр. 52—53.

блудите и суеверијата и на место на нив да ја всади обнажената вистина и да го упати секого на патот на вистината". Но ете како сочинителот ја дефинира филозофијата што има олкави претензии: „наука која може да не поучи да бидеме добри и на царството благопотребни и полезни луѓе"[10]). Тоа е збирка на плитки раскасчиња и дијалози кои треба да всадуваат љубов кон царот и бога и кои се сосема безвредни. Меѓутоа, Бечкеречки во посветата на „славеносербската" младина истакнува мисла дека заблудата му е така својствена на човекот што не било чудо ако тој згреши, туку ако не греши и дека тој со совесноста и внимателноста во работата може да се спасе од заблудите. Тука, наспрости на догматизмот кој провејува во оригиналниот текст се појавува извесен скептицизам и толерантност на Бечкеречки, па наспроти критиките на авторот на некои видови заблуди, забележува на едно место: „Авторот има право да ги разобличува престапниците. — И јас сам би сакал да можам со рамото да го исправам светот"[11]). Од овие оградувања не смее да се изведе мошне смелиот зклучок дека Бечкеречки стоел на становштето на „јужнословенското народно гледање на заблудата и вистината"[12]), бидејќи со неколку произволно земени пословици не може да се изведе какво е народното јужнословенско гледање на вистината и заблудата. Такво гледање просто напросто нема во смисла на типично гледање. Од друга страна, од скромноста на Бечкеречки не треба да се изведува дека тој имал кој знае каков промислен став во филозофијата.

Тогаш било во мода правење разни зборници на изреки и мисли како што е зборниот на Георги Л. Зориќ „Расад на мудроста или собрание на прочуените мисли, филозофски расудувања, остроумни изреки и пословици на најславните мажи на древното и новото време" (1839)[13]). Главно е тука славењето на сиромаштвото, умереноста и борбата против фанатизмот, но и против атеизмот, револуцијата и каков и да е послободен израз на мислата. Посебно место во филозофијата кај Србите му припаѓа на

## УРОШ МИЛАНКОВИЌ
(1800—1849)

Тој бил пријател на левохегилианеиот и соработникот на Маркс Арнолд Руге. На германски ја напишал обемната книга „Организмот на селената и систем на сиот живот или поларен систем на физичката и духовната природа" (1845) која претставува преработка и проширување на неговата порано издадена исто така на германски јазик книга: „Световен оргнизам или поларен систем на приордата" (1841). На српскословенски ги издал книгите „Просветата на човекот и образовањето

---

[10]) Філософіческа наука, стр. 2.

[11]) Урош Милановић, Просвѣта човека и образован'е эстезтва. У Бечу 1847.

[12]) Op. cit. на Недељковић, стр. 53.

[13]) В. Расадъ Мудрости, у Новомъ Саду 1839.

на естеството" (1847) и под псеудонимот Светољуб „Нашето време" (1847)[14].

Миланковиќ бил еклектички филозоф. Во неговиот систем се среќаваме со влијанието на Хегел, Фихте и Шелинг. Може да се каже дека тој е еден од епигоните на овие претставители на немската класична филозофија. Според него, светот претставува органски поларен систем на фзичката и духовната природа која е општа дејност на несетилната, сетилната и духовната стварност. Мотото на неговиот главен труд гласи: „Единството е слика на селената и природата".

Поаѓајќи од мислата дека душевниот свет не може да се разбере без да се сфати телесниот свет и неговите законитости, Миланковиќ се зафаќа со задачата да изјасни кои се неговите движечки сили. Миланковиќ изнашол дека егзистенцијата и силата се идентични поими, „зашто — вели тој — битиети без силата исто така може малку да се замисли како силата без битието"[15]). Природата е една и постои една сила преку која таа се развива од своето првобитно единство во својата множественост. Оваа сила Муланковиќ ја вика *симйашија*, а таа се содржи и во поимот за хармонијата, обединувањето, единството. Таа сила е она што во физиката е познато како гравитација или електрицитетот само што тој и дал друго име — привлечна сила (Anziehungskraft). Тоа е моќна сегосподаречка сила" („mächtige Alles beherschende Kraft")[16]) која придонесува светот да биде суредено единство од многуобразието. Од споредбата со електрицитетот Миланковиќ доаѓа до заклучок дека оваа сила дејствува како поларитет и смета дека поларитетот е „единствено дејствувачки закон на сета нежива и жива приорда"[17]).

Своето гледиште Миланковиќ го смета дека не е ни чист спиритуализам ни чист сензуализам, ами како нешто средно меѓу нив. Настојувал не да ја најде природата во поедините тела, ами да ја одгатне неа во смаата природа. Само што тој не сака да остане на сетилноста, туку чекор по чекор оди од неа напред, бидејќи човекот не бил ни чист апсолутен дух, бог кој може сè да најде во својот дух a priori, да знае сè со помошта на интелектуалната интуиција. Со ваквата способност човекот не располага и затоа тој мора да мисли ако сака да знае. Да мисли пак му налага неговата природа[18]).

---

[14]) Насловите на трудовите на оригинал гласат: Weltogranizmus oder Polarsystem der Natur dargestellt in einzelnen Wirkungen als allgemeine Thätigkeit der gesamte nichtsinnlichen, sinnlichen und geistigen Natur in ihrem Zuzammenhang mit der Kritik der Einheit über des Unvereinbare von Urosch Milankovich k. k. österreichischer Auditor, Wien 1841; Organizmus des Weltalles und System des gesamten Lebens oder Polarsystem der physischen und geistigen Natur, dargestellt in einzelnen Wirkungen, als allgemeine Thätigkeit der gesamten nichtsinnlichen, sinnlichen und geistigen Natur in ihrem Zusammenhange mit der Kritik der Einheit über die unvereinbare von. U. Milankovisch 1845.

[14]) Урош Миланковиќ, Просвѣта човѣка и образованiе естества у Бечу 1847; Наше време написао Светољубъ, Београдъ 1847.

[15]) U. Milankovisch, Organizmus des Weltalles, s. III.

[16]) Op. cit., S. IV.

[17]) Op. cit., S. V.

[18]) V. op. cit., SS. VI и X.

Посматрајќи ја природата, Миланковиќ констатира во неа едно важно својство, имено границата. Човекот е граница на живототното, а ова граница на растението. Така секое нешто наоѓа граница во нешто друго. Она што ограничува Миланковиќ го вика активно, а ограниченото — пасивно. Исто така животот на растенијата се содржи во животот на животните како минусот во плусот. Така пасивниот пол се содржи во активниот. Бидејќи растението се содржи во животното, а животното во човекот, животното се однесува како активен принцип кон растението, а како пасивен принцип кон човекот и затоа е како еквитор или среден број помеѓу нив. Отаде Миланковиќ заклучува дека природното троединство е присутно насекаде и дека секој пол е истовремено активен и пасивен. Овдека се сеќава преод од поларитетот на Шелинг кон единството на спротивностите на Хегел. Поларитетот како однос на пасивното кон активното „е. . . она средство со кое природата се движи, дејствува и живее"[19]). Ова е така зашто активноста може да се покаже дејствена во пасивноста која претставува како некој вид материјал на кој таа се применува. Но важи и обратното. На тој начин се доаѓа до поларитетот кој не е само еднoподругост и обична рамнотежа, ами динамично напнато единство кое е целесообразно и каузално и од кое произлегува самодвижењето на светот[20]).

Овој поларен однос Миланковиќ го наоѓа и кај броевите и кај поимите. Поимите земени во целост чинат еден организам, а не механизам, чинат жива целост што дејствува сообразно со законите на поларитетот. Организмот на поимите е систем на објективни вистини „кои не можеме да ги гледаме со очите и да ги дофатиме со рацете"[21]). Исто така како во светот на природата и во светот на поимите пониските од нов се содржат во повисоките, негативните во позитивните, тие претставуваат систем или органски однос на плус и минус[22]), „Така зборот број и поим — вели Миланковиќ — значи релативно, односително пониско и повисоко единство, плус и минус и сите релативни + — броеви и поими образуваат заедно систем, организам, единство и вистина на целото"[23]).

Според Миланковиќ, реалната смисла, како вели тој, на мистичните броеви „субјект" и „предикат" била број и поим па како такви тие се појавуваат во плус и минус — субјектот како плус, а објектот како минус. „Значи, — расудува тој —, позитивното е субјект, а негативното објект, ова определеното, а она определувачкото и така ние насекаде наоѓаме во позитивните броеви и поими, и секаде во нашите тела и во сета природа објективирани субјекти и субјективирани објекти, значи систем од определувачки субјекти и определувани објкекти, од повисоките и во нив содржани пониски броеви и поими"[24]).

---

[19]) Урош Миланковић, Просвѣта итн., стр. 16.

[20]) U. Milankovisch, Organizmus итн., SS. 373—375.

[21]) V. op. cit., S. 377.

[22]) V. op. cit., S. 378.

[23]) Op. cit., S. 379.

[24]) Op. cit., S. 380.

Од овие расудувања следовало „дека логиката и математиката се систематска наука на каузалитетот и се објективирани во природата и дека објективните идеи со имено овие два знака + — се покажуваат изговорени и содржани во идеите на позитивното и негативното"[25]).

Нашиот филозоф на сеопштата симпатија е против едностраните гледишта на рационализмот, материјализмот и природниот механизам и се застапува за светски организам во кој сите овие ќе се опфатат[26]).

Привrзаник на просветителството или „Светољуб" како се нарече себеси, Миланковиќ е типичен претставител на интелектуалците од ова време кои никако не сакаат да дојдат во судир со власта како и на класата на која ѝ припаѓаат и се, како нејзини членови, побожни христијани на кои им е до тоа да биде нивното учење со религијата во полн склад. Застапувајќи се за слобода, тој добавува дека само бог е неограничено слободен а сето друго па и човекот — ограничено. Тој бара граница не само кај растенијата, животните и човекот, туку и кај светот на небесните тела и воените чинови, кај управните органи[27]).

Со својот закон на поларитетот Миланковиќ запаѓа во фантастиката на духовите меѓу кои разликува ангели, архангели, херувими и серафими. Човекот бил на средината помеѓу светот на животните и светот на духовите, помеѓу светот на нужноста и светот на слободата, помеѓу пасивнаоста и активноста, темнината и светлината. Со оваа мистика Миланковиќ потсетува на мистиката на Мислеј кој имено во Виена го издал своето дело како и Миланковиќ.

Така поаѓајќи од достигањата на науката на своето време, потпирајќи се врз резултатите на тогаш највлијателните филозофски системи — Шелинговиот и Хегеловиот и приспособувајќи ги кон свеста и интересите на граѓанската класа на својот народ од пазувите на која излегол и на која настојувал да ѝ служи во своето дело, класа која со легални средства бараше од власта отстапки кои ќе и возможат напречено да си ги врши своите работи, за што таа ќе му го дава „на царот царевото, а на бога божјето", Миланковиќ создал за нашите прилики импозантен систем што може да се каже е надминат кај нас само од системот на Мислеј, кој, се разбира, многу подлабоко и пооригинално мислел, но кој е сепак во рамките на овој начин на филозофирањето. Меѓутоа, јазикот славеносребски, како и неразвиените прилики биле причина делото на Миланковиќ да се заборави и да не изврши никакво влијание врз неговите сонародници. И во овој поглед неговата судбина е слична на судбината на Мислеј.

Од претходното се гледа дека дејателите на полето на филозофијата во Србија досега беа луѓе кои живееле вон училишната средина. Тие или патем се занимавале со филозофијата или ако се занимавале систематски, нивното дело било заборвавено. Континуирана дејност во оваа смисла во Србија се започнува со отворањето на Лицејот и со првиот професор по филозофија во него, имено

---

25) Op. cit., S. 381.
26) V. op. cit., S. 376.
27) Урош Миланковић, Просвѣта итн., стр. 6.

## КОНСТАНТИН БРАНКОВИЌ
(1814—1865)

Со него настапува нова фаза во развитокот на филозофијата кај Србите, не само што работата ја презеле во свои раци филозофите — професионални, туку и со тоа што во неа влијанието на немската филозофија станува пресудно[28]). Лицејот а подоцна Великата школа и Универзитетот кои изникнаа од него станувaат центар на работата на филозофијата од чија средина излегуваат низа мислители на чиј почеток стои Бранковиќ.

Тој се здобил со солидно обраование во своето родно место Нови Сад, кај завршил средна школа, а по тоа оди во Сегедин кај завршил филозофија и во Пешта кај студирал право. Од 1838 година па сѐ до својата смрт е професот во Лицејот во Белград кој во меѓувреме станува Велика школа. Тој е едвно од првите членови на Друштво српске словесности, повеќе пати негов секретар и потспредседател. Учител е на цела една генерација српска интелигенција која се создавала за прв пат во домашни услови и за која напишал низа различни учебници. За нашата тема се важни „Основно мудрословје" (1848)[29]), „Мислослловје или логика за младеж" (1849)[30]) која претставува превод на мал спис од непознат автор, „Мислословље или логика" (1851)[31]) која претставува преработка на истоимената книга на немскиот филозоф кантијанец Вилхелм Траугот Круг кој го наследил Кант на катедрата по филозофија во Кенигсберг, а се проучил со својот филозофски систем познат како синтетизам. Оваа книга е, всушност, извод од оригиналот кој Бранковиќ го скратил и во однос на членовите и во однос на страните.

Од реченото следува дека Бранковиќ е експонент на Круговата филозофија во Србија. Неговиот узор, Круг, надоврзувајќи се на Кант ја преработил неговата филозофија па ѝ дал вид на „трансцендентален синтетизам" според кој во нашата свест се врши праизворен спој помеѓу идеалното и реалното, субјективното и објективното, значењето и битието кои не можат едно од друго да се изведат[32]). Оваа праизворна синтеза е аксиома: таа не може да се објасни, бидејќи секое објаснување

---

[28]) Милан Кујунџић, Философија у Срба, Гласник Српског ученог друштва, књ. VI, св. XXIII 1868, стр. 172.

[29]) Насловот на оригиналот гласи: Вилхелма Траугота Круга, негдаш, професcора мудрословія при свеучилищту липском Основно мудрословіэ србски за првогодишнѣ слушателѣ мудрословія у лицеуму княжества српскогъ израдио Константинъ Бранковићъ Профессоръ мудрословія и ред. членъ Дружства Серб. Словесности у Београду при княжеско-Србский кныгопечатньи 1848.

[30]) Насловот на оригиналот глчаси: Мысловлѣ или Логика за младежь Посрбіо Константинъ Бранковићъ редовный чланъ Друштва Србске Словесности Издало Друштво Србске Словесности у Београду Писменима Кныгопечатнѣ Кнежевине Србске 1849.

[31]) Насловот на оригиналот гласи: Мыслословлѣ или Логика за првогодишнѣ слушателѣ мудрословля у лицеуму княжества србскогъ израдіо Константинъ Бранковићъ, профессоръ философіэ, членъ школске комиссіэ, и редовный членъ Друштва Србске Словесности. (Прегледано и одобрено школскомъ коммиссіомъ.) У Београду при кныгопечатньи Княжества Србскогъ 1851.

[32]) В. Основно мудрословіэ, стр. 46—47.

неа би ја разбило. Таа е a priori, првичен акт на познанието и негов услов. Со тоа Круг смета дека го надминал идеализмот и материјализмот кои така се опфатени во трансценденталната синтеза. Се разбира, ние можеме да сфатиме дека ова надминување е фиктивно, зашто се врши во свеста, е свесно надминување. Излезната точка е субјектот па со него неминовно се запаѓа во субјективизам. Материјализмот (реализмот) е така проголтан во синтезата. Меѓутоа, ваквото учење за слабата и нерешителна буржоазија во земјите на тогашната Германија и за нејзините идеолошки претставители како и за нашиот професор на Лицејот кој готвел верни службеници на режимот било мошне згодно како компромисно. Од друга страна, Круговото учење систематизирано и обработено за школските потреби било мошне приемливо и од наставна гледна точка.

Како и Круг и Бранковиќ поаѓа од најопштиот примарен факт на свеста кој се изразува со ставот: „Јас дејствувам" („ја деламь"). Тој бил „врховно начело на филозофското познание"[33]), највиш формален принцип во барањето на апсолутната хармонија на мојата дејност. Како и Круг тој зема дека душата има моќ на познание и моќ на тежнение, а и едното и другото имаат три сили: сетилност, разум и ум. Сето ова е како кај Кант при што особено е нагласен дуализмот на материјалното и формалното во познанието. Сетилноста се сфаќа како непосредно, а разумот како посредно извориште на познанието, додека умот трага по безусловното и е „нешто највозвишено и најпревосходно во човечката природа"[34]). Како практички ум човекот бил „свој сопствен законодавец"[35]). Целта на дејноста на духот била да се достигне „природниот ред и поредок на стварите"[36]), а во практичкиот поглед се поставува како задача: верувањето во бога и бесмртието на душата[37]).

Што се однесува до логичките погледи на Бранковиќ тие сецело се определени од оригиналите. Сепак тој инсистира дека „покрај сето уважување кон прифатената филозофија" се трудел" во неа самостојно да се одржи" што се гледало во делењето на поимите, како и на фигурите на силогизмот, а и во некои други помалу важни места[38]). Имено Бранковиќ го изоставил делењето на судовите кое го имаме кај Круг по модалитет на можни и стварни, случајни и нужни. Уште поважно е што тој делењето од Круг на зкалучоците на седум фигури кое се засновувало врз преместувањето на премисите, на поимите или на едното и другото, го отфрла како безначајно. Според Бранковиќ, „при оваа работа главната ствар ја чинат поимите, а положбата на премисиите не го менува односот на поимите кои во нив се наоѓаат"[39]). Затоа тој останува при традиционалното делење на заклучоците на четири фигури. Другите нешта во кои се огледува самостојноста на Бранковиќ се редот

---

[33]) Op. cit., стр. 35.
[34]) Op. cit., стр. 104.
[35]) Op. cit., стр. 109.
[36]) Op. cit., стр. 123.
[37]) V. op. cit., стр. 124.
[38]) В. Мыуслословлѣ или Логика за првогодишнѣ слушателѣ итн., стр. I—II.
[39]) Op. cit., стр. 138.

на излагањето и примерите кои се од областа на историјата (најмногу за српските кралеви и цареви), од теологијата (за бога, неговата семоќ итн.), од областа на моралот (се даваат разни поуки) и од науките (математиката, природознанието). Во тоа особено се изразува верноподанството на Бранковиќ и почитувањето на верата која беше столб на режимот.

Интересно е што Бранковиќ нагласува дека ни Круг во логиката не дал и не можел да даде нешто особено ново. Тука тој се повикува на фамозната изрека на Кант за завршеноста и затвореноста на логиката. Бранковиќ вели: „Кант рекол вистина дека уште Аристотел сосема ја исцрпил логиката" што се однесува до она што е битно во неа, додека прогресот се состоел единствено „во поточното испитување на многу поединости, во поточното развивање, во поприродното делење и појасното претставување и само за некои поглавни предмети[40]). Ова му служи на Бранковиќ за оправдание, зашто сеќавал дека со својата работа на полето на логиката не придонесувал ништо особено, но Кантовата пресуда на прогресот во логиката и ден-денес е присутна кај мнозина современи логичари кои се слепи за импозантниот развиотк на својата наука, кои како Бранковиќ и неговите узори во логиката гледаат „наука во која се излагаат првобитните закони на онаа моќ на нашиот дух која се вика мислење", или како „наука за доброто (сообразно со законите) употребување на разумот"[41]).

Како се гледа, засслугите на Бранковиќ се доста скромни, но сепак преку нив не може да се мине. Тоа се пред сѐ заслуги за ширењето на филозофското образование кај Србите во текот на неколку децении. Фактот што се определил за Круг има и педагошко објаснување. Тој самиот вели дека за Круг се определил „заради неговата разложност и заради тоа неговата полесна поимност и пристапност за почетниците"[42]). Важен е и неговиот придонес кон филозофската терминологија на српски јазик, што се трудел колку е можно филозофијата, како вели самиот, да ја облече во српски алишта. Пишувал на течен и разбирлив јазик и им дал добар учебник на своите ученици. Со тоа тој не создал „некоја книжевна знаменитост", туку задоволил една потреба на времето, а и тоа многи значи[43]).

Оваа пионерска работа што ја вршел во филозофијата кај Србите во српската кнежевина Константин Бранковиќ, во Војводина со не се зафатил

---

[40]) Op. cit., стр. II.

[41]) Op. cit., стр. 1.

[42]) Op. cit., стр. I.

[43]) За логиката на Бранковић в. Милан Кујунџић, Шта је и колико је рађено у нас на „Лоџици", ГСУД, књ. XII, св. XXIX 1871, стр. 266—293; Михајло Поповић, Константин Бранковић професор философије и писац првог учбеника логике на Београдској великој школи, Зборник Филозофског факултета у Београду, књ. III/1955, стр. 591—598. В. и М. Миловановић, Философија и наука у историском развитку свом, коло II, књ. VI: Философија у Срба, Београд 1904, стр. 51—64; и И. Ивачковић, Један српски филозоф, Бранково коло, XIV/1908, стр. 432—434, 481—484, 511—514, 543—549. Опстојно за логиката во дел II и III.

## МИХАИЛ ХРИСТИФОР РИСТИЌ
(1839—1897)

Родум од Бела Црква, тој се школувал во родното место, во Вршац, а потоа гимназија завршил во Карловци, филозофија во Сегедин, а право студирал во Пешта. Од 1853 година до 1861 кога поднел оставка бил професор по историја и филозофија во гимназијата во Карловци. Потоа до својата смет се бавел во своето место со адвокатура. Бил видно лице и двапати член на црковниот собир.

Фактот што добил више образование во места во кои го добил и Бранковиќ можеби, покрај другото, најмногу објаснува што и Ристиќ се определил за синтетизмот. Тој е познат како автор на „Сисетмот на целоктпната филозофија" во десет тома (излегувале во Карловци од 1858—1860). Тој е типичен претставител на својата класа со која со презир се однесувал кон простољудието, па ако си поставил задача народот српски да го запознае со целата филозофија како таа пред сè се обработувала кај Германците и филозофијата од кај нив „да ја пресади на полето на српската книжевност како и неа да ја популаризира така што ниеден технички збор да не остане необјаснет", тој сепак прави една карактеристична ограда: вели дека под српски народ „порстољудието (пук) не го подразбирам"[44]), Ристиќ го излага синтетизмот и критицизмот често не според оригиналните творци, туку според разниет учебници кои тогаш биле во употреба во австриските и унгарски школи.

Како и Криг и Ристиќ смета дека не би имало свест, а според тоа ни филозофија, кога не би била дадена во свеста „синтезата на знаењето и битието"[45]). „Вистинската синтеза на знаењето и битието или на идеалното и реалното е апсолутно крајна точка на филозофирањето"[46]), а критицизмот негов „најдобар и најизвесен начин"[47]) кој ништо не примал без да се докаже. Но бидејќи „доказите не можат да се водат до неопределеност (т. е. во бесконечност — J. J.)" крајна цел на филозофијата била „оригиналната синтеза на знаењето и битието" („синтеза знања и бића подлина"). Кога критицизмот ќе појде од оваа синтеза и ја земе за „врховно начело на филозофијата и филозофирањето", тогаш тој може да се нарече синтетизам[48]). Додека идеализмот велел оти постои само надсетилното, а сетилното е негова појава, а материјализмот, обратно, дека „сетилното навистина бивствува", а надсетил-

---

[44]) Насловот на трудот гласи: Система целокупне философіе, кньига I, Енциклопедия и методология философіе Списао Михаилъ Христифоръ Ристићъ Профессоръ Исторіэ и философичне Пропедефтике на Гимназіи Сремско-Карловачкой. У Карловцу Митрополітско — гимназіална Типография 1858; кныга II, Основна философіа 1858; кныга III, Психологіа емпирична 1859; кныга IV, Логика 1859; кныга V, Метафисика 1860; кныга VI, Естетика 1860; кныга VII, Аретологіа 1860; кныга VIII, Дикеологіа 1860; кныга IX, Евсевіологіа или етикотеологіа и кныга X, Исторіа философіе 1860. Цит., књ. I, стр. III.

[45]) Op. cit., књ. II, стр. 30.

[46]) Op. cit., стр. 32.

[47]) Op. cit., стр. 38.

[48]) Ibid.

ното е „некоја посебна projава на сетилното"[49]), Ристиќ смета дека и обата овие правца „несакајќи, без да знаат, истото она го тврдат што го велиме ние, имено дека сетилното се разликува од надсетилното, објективната од субјективната природа и дека обете бивствуваат"[50]). Од наведеното е јасно дека нашиов филозоф материјлаизмот го сведува на сензуализмот, а идеализмот на учење за „надсетилното" кое му е исто што и субјективното. Така правците се побркани, заправо сè е преместено во субјектот, зашто и „објективното", бидејќи сетилно, е во него. Синтетизмот се врши за сметка на материјализмот, а во корист на идеализмот.

Нашиов систематичар ја дели филозофијата според вообичаената Волфова поделба на теоритска или чиста и практичка или применета Во првата ги става логиката „како наука за законите на мислењето", метафизиката „како наука за законите на познанието", (овдека дошол до израз Круг и метафизиката е, всушност, гносеологија), онтологијата како применета гносеологија и естетиката, а во втората: аретологијата, дикеологијата и етикотеологијата.

Логиката се обработува според учебникот на пештанскиот професор Јосиф Вернер од чие трето издание учел и Ристиќ во Сегединскиот лицеј. Самиот вели дека узорот бил компилација, но дека колку можел одел по свој пат и се служел и со понови автори. „Си лаксам — не убедува тој — дека колку лежеше до моите сили оти материјалот сум го асимилирал, сварил и како каде според моето разбирање сум го расположил за да удоволам на систематичноста и разделноста"[51]). За да го поткрепи своето тврдение, како и Бранковиќ ,се повикува на Кант[52]).

Логиката, според Ристиќ, спаѓа во филозофските науки. Таа „исконските закони на мислењето ги излага" како „граматиката правилата на говорот"[53]). Во склад со Кант ја смета логиката за формална наука, „зашто не гледа на материјата на мислете, туку на нивната форма како ја имаме по себе"[54]). Додека психологијата „покажува дека човекот мисли не обѕирајќи се на тоа дали мисли вистински или лажно", „логиката покажува како човекот треба да мисли за да би можел вистински да мисли"[55]). Логиката е органон, канон и катартикон на мислењето. Во врска со ова тој смета дека номиналистите и реалистите, т. е. сколастичарите со ништо не придонеле за развитокот на логиката, туку само „она што го затекнале го употрбеувале за прашањето: што е суштината на поимот"[56]). Сето ова е искажано според Кант од кого Ристиќ не се оддалечил во своите основни логички поставки.

---

[49]) Op. cit., кн. I, стр. 15.
[50]) Op. cit., стр. 15—16.
[51]) Op. cit., кн. IV., стр. VI.
[52]) Ibid.
[53]) Op. cit., стр. 7.
[54]) Op. cit., кн. I., стр. 34.
[55]) Op. cit., кн. IV., стр.).
[56]) Op. cit., стр. 11.

Во теоријата на познанието и Ристиќ поаѓа од „врвното начело на метафизиката (т. е. теоријата на познанието — Ј. Ј.)" кое било „јас познавам"[57]). Во секое познание има субјект и објект кои чинат единствена целост — синтеза. Понатамо се изнесува аналитиката на сетилноста, на разумот и на умот итн. во стилот на Круг.

Ристиќ мошне добро ја познавал филозофската литература што во тоа време се користела по високите школи во Австрија и Унгарија. Настојувал проблематски да ги изложи материјалите и секој поим да го објасни од различните гледни точки на разните филозофски школи и со тоа, за приликите на она време, да даде мошне добар преглед на филозофските дисциплини. Јазикот му е прилично чист, а излагањето јасно.

Меѓутоа, заради новата ориентација што набргу настапила во филозофијата кај Србите, имено позитивизмот, системот на Ристиќ бил подложен на остра критика и бил заборавен, така што тој оджнвела со своето појавување[58]).

* * *

Покрај влијанието на Кантовата филозофија и поспецијално на синтетизмот на Круг, меѓу српските филозофски дејатели во средината на XIX век било осетно и влијанието на Хегел и тоа преку претставителите на неговите десни следбеници или десните хегелијанци.

Меѓу нив спаѓа и *Ѓорѓе Малетиќ* (1816—1888), професор по српска „словесност" во белградската гимназија и на времето познат како литетурен претставител на псевдокласицизмот. Тој во првата глава од својата „Риторика" (1858) излага краток преглед на логиката. која, како вели Кујунџиќ била извод од Хегеловата логика и „која се учела напамет во гимназиите во Србија"[59]) Всушност, во неа нема ни трага од прочуената логика на Хегел, т. е. од неговата дијалектика, ами има само излагање на формалната логика како се сфаќала тогаш со тоа што мислењето се толкувало како моќ на духот.

Според Малетиќ, логиката или науката за мислењето не го изложува мислењето, туку има за цел да го помага нашиот разум „за да постигне уредност на мислите". Свеста е „знаење за стварите и распознавање", а духот е „она сила во човекот која оваа свест за него и за надворешното ја произведува", а кој се смета „воопшто како суштество од нашето тело различно, но пак со него тесно здружено". Телото му е на духот средство или орудие со кое надворешните предмети на него и тој на нив дејствува"[60]).

Понатаму се изнесува сетилното перцепирање, памтењето и фантазијата како различни способности на нашиот дух, откако претставата ја определува како „дејство со кое духот си ги образува на себеси предме-

---

[57]) Op. cit., књ. V, стр. 7.

[58]) В. Милан Кујунџић, Шта је и колико је рађено итн., ГСУД, књ. XII, св. XXIX/1871, стр. 298—301. В. и М. Миловановић, Философија и наука, II коло, књ. VI, Систем целокупне философије Мих. Х. Ристића, стр. 65—80.

[59]) Op. cit., стр. 293.

[60]) Ђорђе Малетић, Риторика, Београд 1858, стр. 6.

тите"[61]). Прво ги дава законите на мислењето и во три раздела говори за поимот, судот и заклучокот. Сето тоа е изложено мошне скудно и матно, со примери кои се типични за сите овие званични верноподанички филозофи и логичари конзервативци според нивните политички убедувања, т. е. таков кои всадуваат поданичка покорност кон владетелот и страхопочитување кон бога. Сè на сè ова е компилаторски труд што задоволувал една потреба на тогашните средни школи.

Главен претставител на хегелијанството во Србија е *Димитрие Матиќ* (1821—1884), професор по право на Лицејот, правник, политичар, едно време министер на просветата и правдата на кое место се истакнал со својата активност на модернизацијата на наставата во Србија. Меѓу другото напишал и „Краток преглед на историскиот развиток на правото, моралот и државата од најстарите времиња до нашите денови" (1851)[62]). Таму се говори за теоретскиот ум или духот што бил еден дел од психологијата. Неговата задача е да ја сфати природата што му стои од спротива. Тоа духот го постигнува со посредство на сетилата со кои ги сфаќа поедините својства на природата. Така сфаќајќи ја природата, умот се држи како природата да прешла во него, како природата да ја произвела оваа сетилност. Во чувствувањето се покажува дека оној што чувствува и она што се чувствува се едно исто. Издигајќи се од поединечното кон општото со помош на фантазијата и памтењето се доаѓа до мислењето, кое е „моќ" на духот во која се добива единството на двата претходни момента со кое се постига внатрешноста на стварите. „Кога сето она што е чувствено на стварите така се отфрли — вели Матиќ — што да остане само нивната внатрешност, тоа е мислење, каде е општата суштина (супстанцијата) на стварите производ на чистото знаење. Овдека што е туѓо станало наполно видливо и духот со тоа дошол до слободата".

Но и духот се развива тријадично. Преку моќта на разумот „со која повеќе претстави под поголема единица се доведуваат", се оди од сетилните предмети до чистите поими. Тука се попаѓа во бесконечност, бидејќи „на искуството нигде нема крај", „знаењето кое е основано само врз искуството се наоѓа помеѓу две бездни, помеѓу поединечноста и општоста"[63]). Од овој недостаток не вади моќта на расудувањето „со која поединечниот случај се пренесува на општиот закон"[64]). Но и ова има недостатоци: разумот сака се да види, пред да верува. Умот во кој „општото од себе и во себе се наѓа", а кој е основа на сета филозофија", не бара сè да види. Во него се развива чистата мисла од сама себеси, во мислението „сета дејствителност и целата стварност се познава"[65]).

Преку теорискиот ум се напредува кон практичниот кој пак тријадично води до волјата, а од неа до личноста, правото, моралот и државата.

---

[61]) Ibid.

[62]) Матићъ Димитріе, Краткій прегледъ историчногъ начела права, морала и државе, одъ найстаріи времена' до наши дана', Гласник Друштва србске словесности, св. III 1851, стр. 63—1?

[63]) Op. cit., стр. 64a („a" е мое. Дупла пагинација — J. J.).

[64]) Ibid.

[65]) Op. cit., стр. 65.

Сè е тука дадено според Хегел, но така што од големиот филозоф да е одземена душата— дијалектиката, а останал само системот, она што е кај него најнеодржливо.

Во „Историјата на филозофијата" (1865)[66]) која е работена според десниот хегелијанец Швеглер Матиќ ја определува задачата на филозофијата како иследување на тоа како стои „субјектот кон светот, мислењето кон битието". Овие две спротивности се обединуваат во заедничка основа „божествената идеја, апсолутната мисла која е наедно битие", кое не се менува. Задачата на умот е да го познае ова единство, а на историјата на филозофијата да покаже кој систем го постигнал ова единство[67]). Се разбира дека тоа е Хегеловиот систем.

Од реченото е јасно дека Матиќ филозофира на ист начин како и Бранковиќ и Ристиќ. И тој ја пресадува една од значајните европски филозофии на српско тло, но не од оригиналот, туку од нејзините епигонски претставители кои неа ја приспособиле за предавања по школите во кои требало да се вардат интересите на една конзервативна група управувачи. Но со самото тоа што и оваа филозофија претставува систематско размислување за суштинските ствари на светот, општеството и мислењето, таа спрема пораношниот начин на размислување, тесно врзано со религијата и неразделно од неа, претставува несомнено чекор напред.

Во духот на хегелијанството е и „Одломката од психологијата" што ја напишал Ѓорѓе С. Бугарски[68]) наменета за широката читателска публика а изнесена во епистуларна форма. Духот бил „според поимот свој жива слобода, безгранична самоопределба"[69]). Духот преку антропологијата чиј предмет е „духот уште припиен во оковите на телото" и феноменологијата чиј предмет е доаѓањето на духот до свеста и самосвеста, преоѓа на становиштето на пнеуматологијата каде духот „како единство на свеста и самосвеста дошол до својата слобода"[70]).

* * *

Во средината на XIX век во Србија се создадоа социјално-економски услови кои овозможија таа да стане не само политички центар на српството, туку постепено да се сосредоточи во неа и културниот живот. Педесеттите години во Србија веќе се оформува буржоазијата како класа која преминува на поинакви методи на акумулацијата од оние суровите и спроведувани со вонекономска принуда во првата фаза од развитокот на српското општество по второто востание, иако и овие не се сосема премавнати. Се развива трговскиот капитал, зеленаштвото врз базата на развивањето на паричното стопанство кое постепено ја разјадува натуралната затвореност и самодоволноста на производството кое се темелеше на сосема слабо развиени средства за производството.

---

[66]) Историја философије По Швеглеру. Израдио Димитрије Матић, Београд 1865.
[67]) Op. cit., стр. 1.
[68]) Ђорђе Бугарски, Одломак из психологије, Даница, X/1869, стр. 360—365, 410—414, 427—432, 472—476, 489—494.
[69]) Op. cit., стр. 361.
[70]) Ibid.

Од средината на новата буржоазија се јавуваат луѓе кои своите погледи ги упатуваат на Запад, на политичките и културни настани кои таму се одвиваат и настојуваат да ги пресадат во изостанатата Србија. Се оформува либералната партија која е за уставна власт и парламентаризам е во опозиција на бирократскиот деспотизам кој се потпира врз корзервативните општествени сили. Буржоазијата е заинтересирана за развитокот на науките, напредокот на техниката и за современ начин на управување. На Запад буржоазијата го преживуваше својот класичен период на развитокот. Таа економски и политички стана водечка сила на општеството. Од друга страна, во ова време во Европа имаме процут на науките и доминација на позитивизмот како и потиснување на спекулативната филозофија. Оваа е време на зацврстувањето на позитивизмот како филозоција најприфатлива за буржоазијата која е владеачка сила. Отаде интересот за филозофијата на Огист Конт, Дж. С. Мил, за позитивистичките теоретичари и историчари на цивилизацијата Том Бекл и Дж. Дрепер, за социјалистичките теории, а особено, Бакуњин, а потем и за Маркс. Новите идеи продираат директно од Запад или индиректно преку Русија која преживува длабоки социјално-економски превирања и промени. Осиромашувањето на селанството и незавидната положба на населението во градовите предизвикуваше незадоволство кое дојде до израз во дејноста на Светозар Марковиќ и ширењето на социјалистичките идеи во Србија.

Врз ваквите накусо изложени општествено-економски и политички прилики во Србија во втората половина на XIX век се јавува преориентација во филозофијата кај Србите од интересирање и пресадување на спекулативната филозофија на Кант и Хегел претставени од нивните епигони и конзервативни продолжувачи, кон позитивизмот заснован врз резултатите на науките и приспособен кон интересите на буржоазијата која повеќе не е напредна општествена сила. Оваа преориентација почнува со

## МИЛАН КУЈУНЏИЌ
(1842—1893)

Куриозно е што во неговото лице се здружени романтичарскиот поет и позитивистичкиот мислител, професор по филозофија на Великата школа, учесникот во движењето на Обединетата младина српска и едно време близок на Светозар Марковиќ, а отпосле министерот во владата на Милан Обреновиќ, кнез и крал, пред чие самовластие капитулираа либералните српски политичари на кои слободата им стана бесодржинска фраза. Тој е слободен мислител и борец за народните права, но и „националист до екстрем и противник на социјалистите и комунарците"[71]).

Кујунџиќ со право си припишува како заслуга дека „со првата своја појава им го прекратил нозете на сколастичките вампири германски кои кај нас беа повеле оро дури и низ вратата на семинариите руски"[72]). Тој е критички расположен кон оние „филозофски" списи кои се имаа

[71]) М. Миловановић, Философија и наука, коло II, књ. VI, стр. 80, заб. 1.

[72]) Милан Кујунџић, Кратки преглед хармоније у свету. Део други. Наука о свести, Београд 1872, стр. XX.

јавено во прилична мера „според погрешното туѓинско воспитание на нашето општество и според средновековните предрасуди во установите наши и според промашениот правец во нашите школи". На овие списи тој има го спротивставува своето гледиште кое го наречува „напредно и возвишено гледиште научно"[73]).

Основниот стремеж на Кујунџиќ е да ги надмине крајностите на разните филозофски правци, да се создаде „хармонија" меѓу нив која ќе биде израз на светската хармонија. Развитокот на човештвото воопшто и на филозофијата посебно одел по три стапала: од светот на ограниченото искуство кога мислата е втоната во природата а верата и филозофијата се едно неразделно цело, преку дивата спекулација која објави „војна на сè што постои" кон периодот на „согласноста, хармонијата, наместо на подјарменото прво единство"[74]). Чистото искуство на емпиризмот и чистата спекулација на спиритуализмот, материјалистичкото сфаќање дека „светот е само материја и нејзините промени" и идеализмот за кого „сиот свет е единствено дух", Кујунџиќ настојува да ги обедини во едно целостно сфаќање кое го именува „натурализам", кој бара единство „врз најпостојаната целокупна основа, самата природа". Ова единство треба да се оствари не врз надворешните врски, како што сака да ги обедини науките позитивизмот кој „затоа повеќе се приближува до енциклопедијата одошто до филозофијата"[75]). Од друга страна, Кујунџиќ смета дека разните филозофски правци по разни патишта и со разни зборови вршеле иста работа и доаѓале до исти резултати[76]).

Интересна е класификацијата на науките што ја дава Кујунџиќ. Тој ги дели науките на три групи[77]). Во првата група се „*историските*" науки и тоа: историската географија, етнологијата, историјата (раскажувањата и биографиите, историите на разните држави, општата историја и историјата на цивилизацијата која претставува највизше стапало на историјат). Втората група е „*природњачкаката*" со астрономијата, физиката, хемијата, минералогијата, геогнозијата и геологијата, компаративната анатомија и физиологија, ботаниката и зоологијата, дијагностиката, патологијата, зоопатологијата, хирургијата. Најпосле доаѓа „*психолошката* или човечката" група науки кои ги дели на три подгрупи и тоа онаа во која спаѓаат „основните психолошки науки или оние кои зборуваат само за внатрешноста човечка"[78]): *филозофијата* која се состои од „наука за чувството" („наука о осећању") а тоа е психологијата врз која се потпирала филозофијата а со посредство на неа и врз физиологијата, „науката за свеста" — логиката и „науката за вољата" — етиката; „општетсвените науки човечки": државните и правните науки со економските „кои не зборуваат за човекот како за единица, туку само за собири

[73]) Op. cit., стр. X.

[74]) Милан Кујунџић, Кратки итн. I. Срце или наука о осећању, Београд 1867, стр. 6.

[75]) Op. cit., стр. 9.

[76]) Ibid.

[77]) Милан Кујунџић, Кратки итн., Део други, стр. 213—240.

[78]) Op. cit., стр. 221.

од луѓето како општество"[79]) и најпосле во одделна подгрупа издвојува три одделни науки кои само во тоа се согласуваат меѓу себе што тие ги разгрануваат и расветлуваат во целото свое пространство оние три изрази на нашата свест кои се јавуваат на трите стапала нејзини... прво уметноста заедно со верата (естетиката), второ, јазикот (филологијата) и трето законите на движењето воопшто (математиката)"[80]).

Се разбира, оваа класификација има големи недостатоци: не може да има одделна историска група науки, бидејќи сите науки се историски, филозофијата се сведува на психологијата, а исто така општествените науки, естетиката (од каде се најде заедно со верата!) и математиката никако не можат да одат заедно и да се сведат на науки за изразот. Меѓутоа, во однос на современите на Кујунџиќ класификации на науките неговата е мошне напреднала и посовршена[81]). Таа претставува плод на оригиналната размисла на нашиот филозоф, па не само што е историски интересна, туку и денес е занимлива. Ова дотолку повеќе што кај него развитокот на науките инаку оди во круг: се започнува со природните науки како со зората, денот му е претстави од филозофијата, а вечерта од уметноста и верата. Потоа доаѓа ноќ па зора и циклусот пак започнува[81a]).

Во склад со ова разбирање за поделбата на науките е дефиницијата на филозофијата „како наука за законите на внатрешноста човечка и за нејзината врска со надворешниот свет"[82]). Психологијата, логиката и теоријата на познанието се смешани врз психологистичка и, поскоро, врз натуралистичка основа, зашто и психолошкото тој го сведува на материјалното во телесната смисла на зборот. Остро критикувајќи ги логиките кои кај нас излагле „во српско-хрватските школски и нешколски книги" за бесплодност и склоластички вербализам, а особено за ставот дека логиката нè учела како треба да мислиме, тој неа ја сфаќа како наука која изучува „каква е мислата во самата природа своја"[83]). Отаде е тој и против самите термини „психологија" и „логика" за да ја избегне употребата „на сколастичкиот збор „психа" на чело на својата книга"[84]). При ова тој има и еден озбилен разлог: психологијата и логиката сфатени како науки за мислењето (психологијата не е само наука за мислењето, туку и за другите психички појави) доведуваат до тоа што Кујунџиќ со право се праша: „зарем во сите скоро „логики" не мора пак да се повторува рува она што веќе еднаш во „психологијата" е разлагано, и зарем таквото повторување оди во прилог на единството на човечките науки?" Но

---

[79]) Op. cit., стр. 224.

[80]) Op. cit., стр. 225.

[81]) Тој укажува на недостатоците на класификациите не само на разни руски и француски библиографии, кои и логики кои биле навистина вистински збрки, ами и на класификациите на науките што ги даваат Даламбер, Спенсер, Бен. V. op. cit., стр. XIX—XX.

[81a]) V. op. cit., I, стр. 116.

[82]) Op. cit., стр. 11.

[83]) Милан Кујунџић, Шта је и колико је итн, ГСУД, књ. XII, св. XXIX 1871, стр. 257.

[84]) Милан Кујунџић, Кратки итн., II, стр. стр. XXIV.

[85]) Op. cit., стр. XXII.

наместо да ја бара специфичноста на логиката на друга страна, тој неа ја растворува во психолошката наука. Разбивајќи ја фантастиката на школската логика, тој проблемите ги упростил, а со тоа ги збркал.

Кујунџиќ ги бара и изнесува на видело „оние општи и неманливи закони според кои пред нас и во нас се сврзуваат во едно постојано единство разните промени и борби светски", настојува да ја изнесе „светската хармонија"[86]). Основен поим за изведувањето на оваа хармонија му е поимот „естество" (отаде своето гледиште го наречува натурализам), кое не било материјално, бидејќи „не може да биде мртво, не може да биде тромо, зашто вон себеси би морало да има некоја основа врз која би почивало" (се гледа дека материјата тој ја сфатил како Аристотеловото hylē) но тоа не било ни духовно, бидејќи без свест и нецелесообразно[87]). Отаде заклучокот: нема сила без материја и обратно. Тие се вечни. Едната е израз на мноштвеноста на светот, а другата на неговото единство, едната е материјал, а другата динамички и оформувачки принцип. Овдека материјализмот на Фогт, Бихнер и др. се мешаат со Аристотеловите погледи. Но важно за нас е да подвлечеме дека „естеството", според Кујунџиќ, „располага со своја сила и со свој живот според законите кои од *самата негова природа* мораат да произлегуваат"[88]). Човекот, според надворешната или телесната природа се развил и се состои од истите состојци кои ги има во другиот телесен свет, а според душевната или внатрешната природа е „само више *стапало од развитокот* и преобразувањето на *истата* онаа сила која живее растурена во сиот друг телесен свет"[89]). Мислата му е материјална како топлината и електрицитетот, таа е сила „гледана во себе и од себе, во самата внатрешност а не според своите надворешни појави"[90]). Осетливоста и раздражливоста е еден ист принцип со што во склад со Љуис, англискиот позитивист, се отфрла дуализмот на Спенсер.

На тој начин материјалистичката позиција на Кујунџиќ е сосема видлива, иако тој метафизички и недоследно ја спроведува со што ќе ја предвизвика критиката на доследниот механички материјалист Живоин Жујовиќ[91]). Во нагласениот психологизам попаѓа Кујунџиќ кога тврди дека „кога човекот ќе погледне во самиот себе тогаш оваа светска сила се појавува сама во себе и сама пред себе"[92]). Понатаму, тој е и агностички расположен тврдејќи дека свеста не може да ги мине границите на човечките осети и дека таа по тоа има и граници свои"[93]).

Во вториот дел од „Краток преглед на хармонијата во светот" кој го наречува „Наука за свеста" што е, всушност, логика, Кујунџиќ применува тријадична форма на излагањето на материјалот со што се доближил до Хегеловото излагање. Тука е видливо влијанието на српските

---

[86]) Op. cit., стр. 2.
[87]) op. cit., I, стр. 24.
[88]) Op. cit., II, стр. 2.
[89]) Op. cit. стр. 3.
[90]) Ibid.
[91]) В. Живојин Жујовић, Целокупна дела, I, стр. 133—139
[92]) Килан Кујунџић, Кратки итн., II, стр. 3.
[93]) Op. cit., стр. 187.

хегелијанци и посебно на Д. Матиќ. Нему дури науката за свеста му е наука за духот. Меѓутоа, освен во ова надворешно прилегање тој нема ништо заедничко со хегелијанците. Логичките погледи му се под снажното влијание на Мил. Тоа се гледа во преценувањето на индукцијата и подценувањето на дедукцијата и во сведувањето втората на првата. Тој на свој начин ја образложува индукцијата решавајќи го „најголемото прашање" нејзино: зашто во некои појави еден единствен случај е достатен за индукцијата, додека во други илјади случаи без каков и да е исклучок мошне малку сме во состојба да направиме општ суд"[94]). Ова прашање тој го решава со делењето на појавите на прости и сложени. Нашата доверба во индукцијата се засновува врз првите, „зашто ако го знаеме правилото на една проста појава, тогаш врз основа на сличноста веќе го знаеме правилото на *сите* такви појави кои биле и кои ќе бидат, па според тоа и *искуствениот закон наш ја добива својата најдостоверна основа*"[95]). Се разбира, ова е решение само на зборови, зашто се праша: како може да се установи кои се прости, а кои се сложени појави?

Како и Досиеј и Кујунџиќ ја дефинира вистината поаѓајќи од зборот „исто" само што на него му придава значење во смисла на своето сфаќање дека вистините се секогаш исти, неменливи. Таква апсолутна вистина била естеството, но таа „не може да биде предмет на човечката мисла ни на човечката свест, која бара барем две сврзани единици"[96]). Секоја вистина до која може да дојде човекот била релативна. поврзана со други и во таа поврзаност иста и трајна, а потоа и општочевечка[97]). Нема вродени идеи па и логичките закони се изведени од искуството.

Несомнено напреден во своите сфаќања и изразувајќи ги тенденциите на науката и филозофијата на своето време Кујунџиќ бил и мислител што настојн да ги решава проблемите со својата глава. Мошне начитан и запознат со најновите творби од светската филозофија и логика, непомирлив борец против конзервативизмот во филозофијата и политиката, барем во времето кога ги пишуваше своите филозофски творби, тој заслужил признание на таквите прогресивни луѓе каков беше Љубен Каравелов[98]), Живоин Жујовиќ и други, а бес и критика од страната на црковните мрачници. И примерите кои ги наводи за објаснувањето на логичката материја даваат јасен увид за прогресивноста на Кујунџиќ. Таму нема ни спомен за кралеви, страв од бога итн., како кај дотогашните логики, поезијата, борбата против цензурата, против расудувањата на режимскиот конзервативен весник „Видовдан" итн. Кујунџиќ е и прв историчар на филозофијата кај Србите, на психологијата и логиката. Неговите мисли силно и многу дури влијаеле и врз големиот српски филозоф В. Кнежевиќ што дури и во најновата монографија за него не се укажува, макар што мижат да се наведат изрази кај Кнежевиќ што ги среќаваме и кај Кујунџиќ[99]).

---

[94]) Op. cit., стр. 102.
[95]) Op. cit., стр. 100—101.
[96]) Op. cit., стр. 177.
[97]) Op. cit., стр. 178.
[98]) За одзивите на првата книга „Кратки итн." в. op. cit., стр. IV—IX.
[99]) Коста Грубачић, Божидар Кнежевић, Сарајево 1962.

Недоследноста на Кујунџиќ се темели пред се врз неразвиеноста на општествено-економскиот живот во Србија и на недоследноста на класата на која и припаѓал. Тој не се издигна над нејзините интереси. Тоа сепак не ја намалува неговата заслуга за развитокот на филозофијата кај Србите воопшто и на логиката и теоријата на познанието посебно. Тој е на почетокот на една нова позитивистичка ориентација на филозофијата во Србија која во текот на децении ќе доминира или барем ќе има свои видни претставители напоредно со другите правци, така што не е чудно што дури некои српски марксисти меѓу двете војни биле инспирисани од неа. Дури и по втората световна војна духот на позитивизмот доаѓа до израз кај некои филозофи марксисти[100]).

Освен Кујунџиќ на полето на филозофијата се истакнал и

## АЛИМПИЕ ВАСИЉЕВИЌ
(1831—1911)

Тој бил професор по филозофија на Великата школа. Се занимавал уште и со литература и историја. Едно време бил личен пријател на С. Марковиќ и Љ. Каравелов, потем виден претставител на либералната странка во Србија и министер. Во неговата дејност разликуваме два периода во кои се олицетворуваат двата развојни периода во филозофијата кај Србите: периодот на влијанието на немската филозофија и позитивистичкиот период.

Васиљевиќ се определил за десното хегелијанство за време на своето седумгодишно престојување во Русија. Потпирајќи се главно врз Хегеловата „Енциклопедија на филозофските науки”, тој напишал „Краток преглед на Хегеловата филозофија”[101]). Поводејќи се по руската литература, установува дека постојат два филозофски правца: материјализмот и идеализмот што ги смета за„нужни и главни знаци на филозофијата”. Нив ги определува врз основа на начинот со кој се доаѓа до вистината. Така тој вели: „Има само два пата со кои се доаѓа до знаење, до вистина, а тоа се: испитувањето и размислувањето, или, со други зборови, искуството и мислењето... Оние филозофи кои сметале дека искуството е најсигурен извор на знаењето се викаат „материјалисти”... оние пак филозофи кои сметале дека мислењето е најнадежен извор на знаењето се викаат „идеалисти” и тие го давале идеалистичкиот правец”[102]). Иако оваа определба е непотпола и, што е најважно, неточна[103]), Весиљевиќ со ова разликување поточно ги сфати главните филозофски правци од Кујунчџиќ. Меѓутоа, Васиљевиќ е против материјализмот и тоа главно заради етички причини: неговата епоха во која преовладуваше материја-

---

[100]) За Милан Кујунџић в. М. Миловановић, Философија и наука, II коло, књ. VI, стр. 80—91.

[101]) Алимпије Васиљевић, Кратки преглед Хегелове философије, ГДСС, св. XVII/1863, стр. 183—280.

[102]) А. Васиљевић, Још неколико речи о философским примедбама г. Кујунџића, Вила, I/1865, стр. 517.

[103]) Познатое е дека Енгелс го врши разликувањето на материјализмот од идеализмот врз основа на тоа како се одговара на прашањето што е примарно битието или мислењето, материјата или духот?

лизмот не била подесна за решавањето на вишите прашања за моралната природа на човекот[104]). Материјализмот овдека се сфаќа како правец кој го оправдува најниското кај човекот што, се разбира, нема врска со филозофскиот материјализам.

Критичарот на материјализмот докажува дека материјализмот не бил плод на успесите на современите науки, туку само еден метод и тоа понизок во филозофијата. Успехот на метријализмот бил случаен и тој не можел да го спречи живиот тек на идеите, нити долго да опстане[105]).

За Хегеловата филозофија Весиљевиќ вели дека била „најдобар претставител на денешната состојба на филозофијата. Како со потполниот развиток на своите начела кои имаат проникнато низ сите гранки на научниот живот, така и со совршенството на своите дефиниции"[106]). Излагајќи ја Хегеловата филозофија тој обрнал внимание врз нејзините спекулативни елементи, при што дијалектиката како и кај Д. Матиќ е сосема изоставена, со што е на рамништето на Хегеловите десни епигони. Својата намена да ги изложи резултатите и на другите филозофски школи, пред сè на материјалистичката, не ја остварил. Кај него станува пресверт: определување за позитивистичката филозофија.

Така, ако Василевиќ не можеше да го привлече механистичкиот вулгарен материјализам, неговата идеалистичка позиција ја поколебува онаа филозофија која ги усклaдува интересувањето за науките и интересот на буржоазијата. На промената на неговиот став дејствувало запознавањето со Бекловата „Историја на цивилизацијата во Англија" и особено „Историјата и трудовите на умствениот развиток на Европа" на Дрепер под чие влијание ја пишува својата „Историја на народното образование кај Србите" (1867)[107]). Кај своите узори Васиљевиќ го цени тоа што „методот на природните науки се внесува во историјата" со што историјата станувала наука како и природните науки[108]).

Неомнено е дека на пресвртот на Васиљевиќ влијаело и запознавањето негово со француските и англиските позитивисти и тоа пак преку Русите: со Конт, Љуис, Мил и други. Како и да е, пресвртот станал и за него Кујунџиќ ни оставил мошне убаво сведоштво. „Седев — раскажува тој — во Великата школа и гледав како на мојата бивша катедра излезе г. Васиљевиќ да ја застапува на неа едната половина филозофски предмети. И бев задоволен слушајќи како векот на метафизиката одминал веќе; како француските и англиските позитивисти се најголеми филозофи на нашето време, како денес има во напредниот свет само еден научен метод и тоа позитивистичкиот; како главен предмет на филозофијата е човекот; како е тоа наука за условите на знаењето и како ѝ се главни гранки психологијата и логиката"[109]). Значи, сега на Васи-

[104]) В. А. Васиљевић, Историја философије по Швеглеру израдио Димитрије Матић итн., Вила, I/1865, стр. 405.

[105]) Алимпије Васиљевић, Кратки преглед итн., ГДСС, св. XVII 1863, стр. 184.

[106]) Op. cit., стр. 185—186.

[107]) А. Васиљевић, Историја народног образовања код Срба. Књига прва. Увод, Београд 1867.

[108]) Op. cit., стр. 2.

[109]) Милан Кујунџић, Уместо одговора, Вила, IV/1868, стр. 802.

љевиќ не му е најголем филозоф Хегел, ами Конт, Мил и др. позитивисти, човекот е во центарот филозофските размислувања а главни филозофски дисциплини се психологијата и логиката во кои е слиена теоријата на познанието.

Секако дека Васиљевиќ е во многу поголема мера позитивист одошто М. Кујунџиќ кој е речиси близок до механичкиот материјализам, кој повеќе се потпира врз природните науки. Затоа би било поправилно да се смета Васиљевиќ како прв чист претставител на позитивизмот кај Србите. Позитивистичките сфаќања особено јасно доаѓаат до израз во неговиот „Преглед на историскиот развиток на логиката" како и во учебниците „Психологијата како наука" (1870) и „Логиката" (1871, 1872 и 1873)[110]). Придружувајќи се главно за Троицки, а помалку за Вунт и Спенсер, Васиљевиќ во „Психологијата" изјавува дека наспроти „најголемите умови во Германија и Франција" кои се држеле за сколастичката теорија, тој се држел за правецот на англиските филозофи кои барале да се отфрли сколастичкиот т. е. дедуктивниот метод во полза на „Беконовиот", индуктивниот метод[111]). Смртната пресуда на метафизиката ја изрекол Бекон кој покажал дека индукцијата без силогизмот може да биде орган на науката поаѓајќи не од мртвите книги, ами од живиот процес на нашите мисли[112]). Тој го критикува како сведувањето на психологијата на сколастичката пнеуматологија така и на физиологијата од страна на Кујунџиќ и смета дека таа има точно определен предмет[113]).

Логиката ја просудувала вредноста на секоја наука: дали е нешто докажано во науката или не, па отаде е „наука на науките"[114]), „наука за начинот со кој се уверуваме за вистинитоста на нашето знаење"[115]), додека сколастичката логика „само го понижувала достоинството на оваа важна наука" и била „збрка на сувопарни и бесплодни правила"[116]). Давајќи преглед на историскиот развиток на логиката, тој изнесува дека човекот прво настоел да ги пронајде законите на стварите, сомнението во вистината на овие закони го натерало човекот да ги изучува законите на мислењето, но и тоа било тешко да се изврши додека не се издвои она што се знае од она што не се знае, како и она што може да се знае од она што не може да се знае, па се поставило задача да се изнајдат законите на знаењето[117]). Кај Аристотел сите овие видови на логиката биле соединети, но подоцна логичарите обрнувале внимание де на едната, де на другата, де на третата страна па изникнала реал-

---

110) В. Поглед на историски развитак логике, Матица, IV/1869, стр. 702—704, 725—728, 749—753, 774—776, 800—803; Психологија како наука удешена за школску употребу, Београд 1870; Логика удешена за школску употребу, Београд, I, 1871, II, 1872, и III, 1873.

111) А. Васиљевић, Психологија, стр. 2 и 3.

112) Op. cit., стр. 9.

113) Op. cit., стр. (I).

114) А. Васиљевић, Поглед на историски развитак логике, Матица, IV/1869, стр. 702.

115) А. Васиљевић, Логика, I, стр. 22.

116) А. Васиљевић, Поглед итн., Матица, IV/1869, стр. 702.

117) V. op. cit., стр. 703.

ната, формалната и научната логика. Најдобро ја разработил реалната логика Хегел, Дробиш формалната, а Мил научната логика. Васиљевиќ се застапува за воспоставување на божем разурнатото единство во неа. Потем логиката на Мил „не може да биде повеќе збор за тројна и меѓусебе противставена логика, како формална, реална и индуктивна, туку ќе биде збор за една човечка логика, која ги опфаќа сите тие три логики како свои делови. Човечката логика ние ја нарекуваме онаа наука која го разгледува она дејство на човекот во кое се огледа нај. многу неговото човечко достоинство, т. е. дејствоот на разумното, мислење"[118]). Оваа „човечка логика" е преправена и прераскажувана за школски потреби Милова логика. Тука индукцијата се превознесува за сметка на дедукцијата, силогизмот се смета за petitio principii. И законите на математиката како и законите на мислењето се изведени од искуството. Заклучувањето можело да се врши и без силогизмот, но тој му правел голема услуга на процесот на заклучувањето, зашто помагал овој процес да се одвива брзо и без погрешки[119]). Во подробностите на оваа неоригинална логика нема да навлегуваме.

Васиљевиќ го усвоил и агностицизмот на Мил, за тоа оти индуктивниот метод „според самата своја природа не може да претендува на знаење за суштината на духот ниту на материјата, а уште повеќе на суштината на бога во кого верувал благочествиот дух"[120]). Индуктивната наука не ги минела границите на појавите[121]). При тоа нашиов филозоф направил обид да го избегне солипсизмот, бидејќи „филозофската критика покажала дека надворешниот свет постои за нас врз основа на нашите состојби кои ги викаме надворешни осети, чии почеток е од предметите вон нашиот дух"[122]). Нему особено голем вечаток му направило учењето на Лок за надворешното и внатрешното искуство од што извлекол заклучок дека односот на телото и духот не е однос на две противставени супстанции, туку освен независната низа фзиички појави признава и независна и на првата противставена низа духовни појави како два поретка на нашата внатрешна состојба или две состојби на нашата свест од кои во едната гледаме надворешен, од нашиот дух независен свет, а во другата сопствените дела на нашиот дух[123]). Во надворешните осети духот и надворешниот свет се сврзани. Меѓутоа, Кондијак, Хелвеције и Дидро, а порано Гасенди се надоврзале на првиот принцип на Лок па дошле само до законите на телото, но не и до законите на духот со што се ништела моралната одговорност на човекот. Случајно било што сензуализмот во Франција довел до материјализмот и атеизмот. За тоа придонесол недостатокот од строго научен метод, личното настроение и владеачкиот вкус[124]). Материјализмот и идеа-

---

[118]) Op. cit., стр. 803.

[119]) В. А. Васиљевић, Психологија, стр. 16 и Логика, I, стр. 92.

[120]) А. Васиљевић, Психологија, стр. 25.

[121]) Како и сите индуктивисти ја потценува дедукцијата.

[122]) Op. cit., стр. 40.

[123]) Op. cit., стр. 39—40.

[124]) Op. cit., стр. 48—49; в. и О психолошкој методи у Инглиској, Француској и Германији, ГСУД, св. XXV/1869, стр. 250—271. (к).

лизмот не биле „неопходни последици на научната теорија, туку на личните страсти на самите писатели" и биле „противни на законите на умот"[125]). Стариот мотив и овдека се провлекува. Навистина, сензуализмот не само што не мора да води во материјализам, туку може да води и во субјективен идеализам: од Лок водат два пата: еден кон француските материјалисти, а друг кон Беркли[126]), но наивно е убедувањето дека материјализмот е помодарство. Филозофските правци не можат да се изведат од психологијата, а уште помалку од онаквата психологија каква је застапувал Васиљевиќ, ами од анализата на општествено-економските услови. Тој бил далеку од таквата анализа.

Васиљевиќ напишал и расправа „За лочгиките заблуди"[127]). Таа е изработена целата според Мил па со него разликува погрешки кои доаѓаат од лажниот метод или од неправилното сфаќање на методот. Последниве ги вика заблуди. Изнесува пет вида заблуди: априорни, на посматрањето, на индукцијата, на дедукцијата и заблуди од збрканоста на зборовите. Тука се оригинални само примерите. Во расправата „Односот на физичките и духовните особини на расата и полот"[128]) врз основа на Дарвин и Спенсер укажува дека меѓу овие не постои непосредна причинска врска, иако тие посредно влијаат едни врз други. Непосредната причина за развитокот на свеста било дејството на мозокот и нервите.

Од реченото се гледа дека Васиљевиќ не бил доследен ни оригинален мислител. Тој бил толку умен што увидол оти времето на спекулативните системи одминало, како што во Србија беше одживеано времето на бирократијата, па затоа се свртел кон позитивизмот кој го усвоил преку руски извори. Со тоа тој го зацврстил пресвртот во филозофијата кај Србите. Меѓутоа, во Европа во тоа време почнаа да дуваат други ветрови, времето на либерализмот се замена со она на револлуционерната демократија која ги изразуваше интересите на широките народни слоеви во прв ред на селанството и ситната буржоазија. Пролетаријатот сѐ погласно го изразуваше своето присуство, прво преку утопизмот, а потем преку основателите на неговата научна идеологија. Дејноста на позитивистите отстапи место на дејноста на доследните материјалисти какви беа Живоин Жујовиќ и Светозар Марковиќ[129]).

---

125) Op. cit., стр. 49.

126) В. И. Ленин, соч. т. 14, стр. 113.

127) А. Васиљевић, О логичким заблудама, ГСУД, св. XXXI/1871, стр. 1—44.

128) А. Васиљевић, Однoшај између физичких и душевних особина расе и спола, ГСУД, св. LV/1884, стр. 55—90.

129) А. Васиљевиќ водел остра полемика со М. Кујунџиќ, Таа започна по повод осврtот на Васиљевиќ на „Историја философије" од Матиќ. Кујунџиќ напишал „Питагора или Тал?" (Вила, I/1865, стр. 445—447) во која докажува дека историјата на филозофијата требала да почне не со Питагора, како сакал Васиљевиќ, ами со Талес при што ги брани материјалистите од нападите на Васиљевиќ. Последниот напишал „Одговор г. Кујунџићу" (Вила, I/1865, стр. 469—470). На него одговорил Кујунџиќ со „Питагора или Тал (Допуна)" ibid, стр. 494—495). Последовал „Још неколико речи о философским примедбама г. Кујунџића" (ibid., стр. 516—518) и остер одговор на Кујунџиз (ibid., стр. 518—520). Кујунџиќ остро го критикувал Васиљевиќ во предговорот на втората книга на својот „Кратки преглед", а овој одговорил со посебна бро-

## ЖИВОИН ЖУЈОВИЌ
(1838—1870)

Во неговото лице имаме претставител на најпрогресвивната мисла во Србија од шеесеттите години на минатиот век. Тој е социјалутопист и претеча на Светозар Марковиќ кој го нарече „прв социјалист кај Србите"[130]). Откако студирал теологија во Киев и Петроград, тој се запишал на право и филозофија во руската престолнина каде престојувал од 1863—1866. Потоа оди во Минхен и Цирих кај случшал право и филозофија[131]). Во Белград се вратил 1867 година кај бил службеник во министерството на финансиите. Во Русија соработувал во списанието на Чернишевски „Современик" и во „Отечествени записки". „Нашите симпатии — вели тој — природно стремат кон демократските принципи и демократите во Русија"[132]). Иако имал можност да се поврзи со револуционерно-демократските и социјалистичките движења во Русија, Германија и Швајцарија, тој тоа не го сторил. Веројатно не го познавал учењето на Маркс и Енгелс кои никаде не ги наведува. Ги познавал и ги користел работите на Дарвин и Сечењев, а најмногу ги наведува Бекл, Мил, Русо и особено Прудон според кој напишал една економска расправа[133]). Јован Скерлиќ вели за него дека бил „прудоновец по убедување, но повеќе кабинетски човек отколку општествен дејател"[134]).

Жујовиќ пред сè пишувал на економски теми. Според него, општествениот и економскиот живот претставуваат закономерен процес а трудот е дејност без која не може да се замисли животот на човекот и општеството. Човекот од искон се стреми кон слободата, а тоа „се огледува во трудот: за оној што не работи не може да се каже ни дека е слободен ни дека не е слободен. Исто така и трудот се познава начисто само во слободата: кој не е слободен, неговиот труд не дава да се определи ни квалитативно ни квантитативно. Трудот и слободата се врзани помеѓу себе еминентно, се дополнуваат и условиваат едно со друго

шурка: А. Васиљевић, Критика. „Кратки преглед хармоније у свету; II. Наука о свести итн.". Београд 1873. Васиљевић умешно го напаѓа слабите страни на Кујунџиќ: биологизмот, недоследностите итн.

[130]) Светозар Марковић, Целокупна дела, свеска седма, Београд 1893, стр. 16 во писмотот до сестрите Нинковиќ, Пожаревачки затвор, 9 мај 1874.

[131]) Таму го запознал и учењето на Прудон.

[132]) Ж. Жујовић, Наши односи са Русима, Србија, бр. 43, за 1868, Цит. по История философии, II, Москва 1957, стр 460.

За тоа, иако е точно дека Ж. Жујовиќ не го цитира Чернишевски а и Добролюбов, не изгледа веројатно дека тој не го познавал нивното учење, како што тврди Никола Груловиќ. В. Социјалистичка штампа у Србији до XX века. Избор чланака, I. Београд 1951, стр. XVI. Неговата информација за Жујовиќ е на стр. XV—XVI.

[133]) В. подолу. Ж. Жујовиќ напишал: Француски демократа Прудон (Један поглед на његов живот), Србија, II/1868, бр. 55, стр. 208—209; бр. 57, стр. 216; бр. 58, стр, 221. Статијата е потпишана со „П.—Ј. С." Веројатно на неа се однесува информацијата на Јован Скерлиќ (в. Светозар Марковић, II. изд., Београд 1922, стр. 135, заб.) дека Жујовиќ ја напишал статијата Прудон: Живот и наука његова. Погрешно е наведен и бројот на списанието како „55—58". На бр. 56 нема наставка.

В. и Ж. Жујовић, Прудон и његов живот и доктрина, Световид, 1868, бр. 18—35, како наведува Скерлиќ на цит. место.

[134]) Јован Скерлић, op. cit., стр. 134.

на природен начин"[135]). Жујовиќ е против тиранијата, а за демократијата и слободен развиток на личноста. Тој бара просветата „да продре не само во дворец, ами и во колиба"[136]). Напреден демократ тој не се ослободил од утопизмот, но претставуваше прва ластовичка на социјализмот во една сосема неразвиена средина и тоа е неговата историска заслуга.

Не навлегувајќи во неговите економски сфаќања поподробно[137]), ќе го одбележиме неговото сфаќање на развитокот. Како во општествениот така и во научниот развиток се оди од поедноставното кон се́, посложеното се додека не натане пресврт („кругообрат") кога се оди во обратна посока: од општото кон поедноставното. Овој своевиден закон на кружењето важел како за развитокот на јазикот, така и за развитокот на естетичките сфаќања, на поведението итн., па и за филозофијата. Во естетиката се оди „од најголемата простотата на естетичките форми, а потем од најсложените пак кон најпростите"[138]). И во самата наука се оди од првите филозофи кои животот на природата го изведвуаат од „две-три или најмногу четири стихии"[139]) кон нивното се́ поголемо усложивање кај Платон и особено кај сколастиката во која науката речиси се изгубила. „Но отаде имено и почнува- — вели Жујовиќ — оној кругoврт кој појде кон простотата, кон тврдите општи и најопшти, а според тоа најпрости начела или закони на селената, кои навистина според надворешноста многу прилегаат на оние површни стихии со кои првите мислетели објаснуваат се́ и сва, т. е. сета селена и сецелиот нејзин живот"[140]). Така развитокот, всушност, се негира. Но не може да се порекне дека Жујовиќ макар и збркано го изнесува стремежот да се објасни законитиот развиток на општеството и културните појави.

Позицијата на Жујовиќ е решително материјалистичка, иако Конт е според него голем филозоф[141]). Сите постојни науки ги дели на науки за природата, науки за човекот и формални науки или математички па во тој однос неговата класификација е подобра и од споменатата класификација на науките што ја даде Кујумџиќ кој неоправдано ги издвои историските науки во посебна група, а математиката ја втисна во психолошките науки. Формалните или математичките науки се карактеризираат „со *формалност*, во нив сосема нема реален елемент и се засновуваат исклучиво врз умот"[142]). Единствено обусловени од размислувањето тие и затоа се развиле пред сите други науки.

Што се однесува до природните натки тие му се „сосема реални и нималку формални". Карактеристична црта им била „реалноста, да кажам, појасно материјалната стварност"[143]). За нивниот развиток се

---

[135]) Живојин Жујовић, Дела, I, стр. 55.

[136]) Op. cit., стр. 12.

[137]) Од економските расправи на Жујевиќ ќе ги наведеме: Научност политичке економије, Дела, I, стр. 81—101; О надници, ibid., стр. 23—49 и др.

[138]) Op. cit., стр. 65—66.

[139]) Op. cit., стр. 66—67.

[140]) Op. cit., стр. 67.

[141]) Op. cit., стр. 113.

[142]) Op. cit., стр. 105.

[143]) Op. cit., стр. 106.

потребни не само размислувањето, ами и сите човечки сили и вештачки средства. Затоа тие имаат споро напредувано, така што Аристотел генијален во логиката (која нашиов мислител ја смета за формална или математичка наука (— J. J.) бил детулче во природните науки[144]).

Најпосле се развиле науките за човекот кои долго биле попречувани во својот развиток од сфаќањето дека човекот има душа. Во оваа ситуација не можеле да се развијат политичката економија и историјата кои биле во хаотична состојба. Овдека Жујовиќ го условил развитокот на науките за човекот од едно сфаќање, а не од реалните услови во што се покажува неговиот субјективизам во објаснувањето на социјалните науки условен од субјективизмот во сфаќањето на развитокот на општеството. Како и да е, со развитокот на природните науки се отркило, смета Жујовиќ, дека човекот е под решителното влијание на природата и околината. Тоа била најреволуцоинерна мисла за историјата и за сите човечки науки[145]). За ова требало да му се благодари на Бекл, кој против Малтус и Хегел ги открил законите „кои управуваат со човечката судбина"[146]). Еден е законот во природата и кај човекот. Нешто повеќе, тој тврди мехнаистички подоследно дури и од Дрепер: „Дрепер признава дека сé во природата се врши автоматски, а јас велам дека и во човечката ствар исто така сé се врши автоматски"[147]).

Законот на историскиот настан ја „означува логиката на човечкиот живот. Секој историски настан има свој силогизам, покажувајќи ја неговата неопходност", т. е. дека две појави се каузално повзрани[148]). Така силогизмот се претворува во докажувач на причинската нужност, што ни најмалку не одговара на неговата природа која се состои во логичкото следување што се врши врз основа на логичките форми. Но занесот по природните науки е непреодолив, тој проголтува сé и она што од себе не се наредува во него се изнасилува за да се приспособи кон него. Но едно овдека е јасно: наспроти заостанатите теолошки погледи, наспроти на секаков идеализам, материјализмот ни се претставува кај Жујовиќ во најдоследната механичка форма. Тој се проширува и на областа на човечките науки, но дал непожелни последици и упростувања такви што, сфаќајки го човекот исправно како дел на природата, тој со неа го изедначил и спецификата му останала недоловена. Се добива еден фатализам кој сѐ изнивелирал, сѐ свел на заеднички именител: човекот симнат од пиедесталот на лика и прилика божја се срозал до состојбата на природен автомат.

Меѓутоа, ова учење за своето време и за српските па и за југословенските прилики е, без секакво сомнение, револуционерно. Тоа го разбива религиозното сфаќање и верскиот занес го заменува со занесот по природата, а религијата за бога со верата во природниот закон, кој е од овој свет. Требало човекот да слезе на земјата и да се зафати озбилно

---

144) Op. cit., стр. 105—106.

145) В. op. cit., стр. 110.

146) Op. cit., стр. 117.

147) Op. cit., стр. 120.

148) Op. cit., стр. 122.

со земните работи за со тоа да може да ја научи и својата сопствена природа. Заблудите по основните прашања ќе се отфрлат со развитокот не само на науките, ами и во прв ред со развитокот на општествено-економските услови. Тие веќе беа поставени врз правилна основа, но Жујовиќ не знаеше за неа.

Во веќе споменатата статија[149]), критикувајќи го Кујунџиќ за фихтеанство, Жујовиќ докажува дека ако човекот не постои, не постои ни осетот. Затоа појавите не се „осет на осетите", ами постојат сами по себе и независно од нас, „не се содржат во нашите осети или во свеста, туку повеќе вон нас"[150]). Во врска пак со тврдењето на Кујунџиќ дека законите биле „постојани врски на поедините појави во нашето знаење", вели дека „законите. . . постојат и без нас". Својата материјалистичка позиција тој ја изразува нејасно вака: „Под природа обично се разбира сето она што го опколува човекот, а не зависи од него"[151]).

Потем вака недвосмислено развиениот материјализам, Жујовиќ сепак паѓа на позитивистички позиции. Според него, филозофијата се претворува во природна наука „наука за законите на селената"[152]). Законите како „општи и непосредни причини на извесни појави" вечни се како и сите причини. Науките ќе откриваат сѐ повеќе закони кои ги има сѐ помалку општи и неповрзани отколку општи и поврзани. Така постепено се наоѓа дека „меѓу врховните закони на селената владее таква хармонија" што тие сосема да не бидат можни едни без други[153]). Филозофијата била наука: „за овие врвни закони и нивната хармонија, а според тоа не го опфаќа само човекот (како смета Кујунџиќ — J. J.), туку и сета селена"[154]). Затоа филозофи не биле само психолозите и логичарите и оние што го изнесуваат односот на човечкиот дух спрема надворешниот свет, „туку се филозофи — тврди тој — и тоа со уште поголемо право, хемичарите, физичарите, астрономите и на нив слични, зашто се вистински иследувачи и познавачи на врховните закони што управуваа со селената. Коперник, Галилеј, Њутон, Хумболт и на нив сличните имаат во секој случај повеќе право да се викаат филозофи одошто самиот Хегел"[155]).

Овдека филозофијата се втопува во науките па се добива еден, така да се рече, материјалистички позитивизам. Непознавањето на дијалектика води кон ваквите екстреми кои марксистичката филозофија во тоа време веќе ги беше надминала.

Од ова се гледа дека со Жујовиќ се засилува материјалистичката тенденција кај српските мислители со што тој ќе го подготви местото за доаѓањето на најблиставата појава во српскиот општествен и културен живот, имено

---

149) В. заб. 91.
150) Op. cit., стр. 137.
151) Op. cit., стр. 106.
152) Op. cit., стр. 137.
153) Op. cit., стр. 138.
154) Ibid.
155) Ibid.

# СВЕТОЗАР МАРКОВИЌ
(1846—1875)

Тоа е човек кој далеку ги надмина тесните рамки на малата и заостаната Обреновиќевска кнежевина. Можеби следните зборови на Мирослав Крлежа најточно ја погодуваат неговата историска улога:

„Појавата на Светозар Марковиќ кај нас, во Хрватска, во седумдесеттите години од минатиот век не е замислива. Светозар Марковиќ е руски ученик, од Русите научни дека социјализмот може да ги отстрани војните, тиранијата, бедата, страдањата и незнаењето зашто е единствена негација на таквата стварност во која владеат војните, тиранијата, бедата, страдањето и незнаењето. Роден во сенката на белградскиот пашалук, во земја каде војните, тиранијата, бедата, страдањето и незнаењето владеат со векови, Светозар Марковиќ стана проповедник на социјалистичката идеја во доба кога Белград беше паланка, а Нови Сад како српска Атина немаше повеќе од десет иљади жители. Величината на поедините историски појави се проценува мошне често и по тоа што одудираат од својата средина во која се појавиле. Во тој поглед случајот на Светозар Марковиќ е класичен"[156]).

Веселин Маслеша го нарече Светозар Марковиќ „првиот човек во Србија кој пистапил кон една тешка и мачна работа за преобразување на општеството, кон борба за социјализам"[157]). А Јован Скерлиќ го споредува со Чернишевски[158]). За влијанието што овој „татко на социјализмот во Србија и покрај утопизмот на неговите идеи" го изврши на своето и идните поколенија Петар Станболиќ пишува дека „ние и денес во политичката историја на Србија за еден цел век не виѓаме прогресивна личност и политичко движење кое така ги разбранувало духовите, нашло толку горешти приврзаници и извршило такво идејно влијание врз својот народ како што го сторил Светозар Марковиќ"[159]).

Нема сомнение дека Светозар Марковиќ е во прв ред политички дејател и борец, револуционер кој е свесен за историската мисија што му се падна да ја изввррши: да го издигне својот народ од економската, социјалната и политичката потчинетост и изведе на патот на слободниот развиток, а со тоа да го оспособи да изврши пиемонтска улога на исток, меѓу Јужните Словени и на Балканот воопшто. Затоа тој стапил во практичка акција, се зафатил со пропагирањето на социјалистичките идеи па е прв социјалист на Балканот. Со науката и филозофијата се занимавал онолку колку му било потребно за извршувањето на својата основна задача. Сепак како популаризатор на науката на своето време и модерниот поглед на светот што од неа произлегува, тој и во овој поглед извршил во својата средина толку значаен пресврт што и на полето на науката и филозофијата мора да му се признае исклучителната заслуга

[156]) Мирослав Крлежа, Српске теме, Политика, 5 мај 1963, култ. прил., стр. 3.
[157]) В. Маслеша, Дела, II, стр. 8.
[158]) В. Јован Скерлић, Светозар Марковић, стр. 241.
[159]) Во предговорот на: Светозар Марковић, Сабрани списи, I, Култура — Београд 1960, стр. I.

на првиот човек, кој, како вели Јован Скерлиќ, од индивидуалниот, случајниот и неповрзаниот интерес за природните науки направил цел еден култ, создал цел еден филозофски систем и ги упатил српските духови кон новиот „реален правец"[160]).

За развивањето на Светозар Марковиќ во „реалниот", т. е. материјалистичкиот правец постојат неколку причини. Тоа се општествено-економските прилики во Србија на неговото време за кои стана збор погоре. Каква таква се појавува млада буржоазија која својата иднина ја сврзува со иднината на науката, а своите синови ги испраќа на Запад и во Русија да учат и пренесуваат знаења во Србија. На Запад беше минат патот по кој требаше Србија да оди и најдобрите нејзини синови воодушевени од идеите што таму дојдоа до израз се зафатија да ги пренесат и дома. Се разбира, овие идеи претрпуваа измени, добиваа национален колорит и колорит на личноста што ги пренесуваше.

Второ. Науката во она време направи решителни чекори напред што особено важи за хемијата, физиката и биологијата. „Тоа беше епоха— вели Скерлиќ — на примената на парата и електрицитетот, изнаоѓањето на железницата и паробродот, машинизмот во индустријата, фотографијата, телефонијата, спектралната анализа; епоха на Хелмхолц, Вирхоф, Клод Бернард, Пастер, Либих, Фарадеј, Хаксли, Дарвин, Спенсер, Хекел и толку други"[161]). Затоа природните науки зедоа врв над сите други. Под влијанието на светлината на науката отстапуваа спекулациите на темните сили и се ослободуваа духовите. Се сметаше дека е најдено вошебното клуче кое ќе ги отвори сите врати кои го затвораа патот на човештвото кон срекна иднина. Но зад младенечкиот занес кон науката се криеше трезвениот интерес на буржоазијата, како што покажаа Маркс и Енгелс. Обновувањето на механистичкиот материјализам значеше во европски размери, при присуството на дијалектичкиот материјализам, чекор назад. Но во тесните рамки на неразвиена Србија интересот за науките и материјалистичкиот поглед на светот макар и механистички, претставуваше голем напредок.

Важен е и фактот, и тоа е третиот момент кој треба да се нагласи, што Светозар Марковиќ беше природнонаучно и технички образован. Тој како добар математичар го завршил техничкиот оддел на Великата школа и речиси четири години студирал техника во Петроград и Цирих.

Во времето на своето школување во Белград Светозар Марковиќ бил под влијанието на романтичарското движење од кое се ослободил дури со одењето во Русија. Таму идеите на Чернишевски, Доброљубов и Писарев го упатуваат во сосема различен правец, во правецот на материјализмот, природните науки и социјализмот. Голем впечаток на него оставил филозофскиот антропологизам на Чернишевски, кој се потпирал врз Фоербах, како и неговиот револуционерен демократизам. Врз филозофските погледи на Светозар Марковиќ извршил големо влијание и Писарев кој се ориентирал кон вулгарните материјалисти Фогт, Моле-

[160]) В. op. cit., стр. 202.

[161]) Јован Скерлић, Светозар Марковић, стр. 200.

шот, Бихнер. Ова особено се чувствува во главната филозофска расправа на Светозар Марковиќ „Реален правец во науката и животот"[162]).

Со доаѓањето на Светозар Марковиќ во Цирих. тој се запознал со современото социјалистичко движење, пред сè со Марксовото учење. Од неговите списи се гледа дека го познавал „Комунистичкиот манифест", „Положбата на работничката класа во Англија", „Граѓанската војна во Франција", „Капиталот". Во Цирих го читал и Мил, Бекл, Дрепер. Од социјалистичките писатели го читал Прудон и Ласал и особено ги ценел, иако е на страната на I интернационала која ја водеше Маркс и беше член на нејзината руска секција. Го наведува и Диринг, а Спенсер го признава за еден од најголемите научни авторитети во Европа. Врз него влијаеле и Конт, Љуис, ги познавал работите на Дарвин, Хегел, Грове, Вунт и Сечењев. Најмногу на него вршел влијание Бихнер и неговата книга „Сила и материја".

Светозар Марковиќ одел во чекор со науката на своето време. Во своите статии цитирал оригинални трудови кои излегле само неколку години порано, па дури и една година, каков е случајојот со Дарвиновото „Потекло на човекот". Врз едно обемно знаење тој го изградил својот поглед на светот, земајќи го она што, според неговото мислење, било најдобро во филозофската и научната литература. Делата на Маркс не ги домислил до крај. Треба да се нагласи во врска со ова дека Енгелс дури по смрта на Светозар Марковиќ ги објавил своите дела во кои ја разработил марксистичката филозофија. Тоа е еден од разлозите што тој не се издигнал до рамништето на дијалектичкиот материјализам.

Филозофијата е термин кој Светозар Марковиќ ретко го употребува и, се чини, намерно го избегава. Но кога тој зборува за „наука за светот и положбата на човекот во светот", за тоа дека „човечкиот дух не можел да се откаже од решавањето на оние прашања што веќе не еднаш си ги поставил: што е светот, од каде е светот, што е човекот, што е неговата цел?"[163]) тогаш тој, всушност, мисли на филозофијата. Позитивистичката терминологија внесува нејасности кои со еден попрецизен јазик би се отклониле.

Во врска со одговорот на овие прашања Светозар Марковиќ доаѓа до мошне интересната поставка за „два главни логора" на кои се делеле луѓето во „мислењето". Таа ни ја напомнува мислата на Енгелс за главните правци во филозофијата која тој ја искажал неколку години подоцна, имено таборот на материјализмот и таборот на идеализмот[164]). И Светозар Марковиќ гледа на нив како на „правци на филозофски школи"[165]). Другите правци тој ги занемарува, бидејќи со првите два била дадена и нивната „најопшта карактеристика" достапна за неговите цели што си ги поставил. Но тој не е свесен дека со својата класификација на фило-

---

[162]) Прво излегол првиот дел: Шта је то реализам, ЛМС, св. 112/1867—1869, стр. 65—135 кој излегол дури 1871: второт дел: Реализам у животу, ЛМС, св. 113/ 1870—1871, стр. 17—89. В. Сабрани списи I, стр. 225—361.

[163]) Op. cit., стр. 238.

[164]) В. Ф. Енгелс, Лудвиг Фојербах, Култура — Београд 1947, стр. 19—21.

[165]) Светозар Марковић, Сабрани списи, I, стр. 226.

зофските правци решил еден важен проблем: ставање ред во на изглед хаотичната положба во историјата на филозофијата. Се разбира, овој проблем Енгелс го решил многу подоследно и поразвиено, многу појасно и поопределено. За Светозар Марковиќ принцип на делењето на филозофските правци не е одговорот на прашањето што е примарно: духот или материјата, ами одговорот на прашањето: дали „во природата и во светот постои единство, т. е. дали елементите што ја составуваат сета природа и умниот створ, човекот, се едни исти: материја и сила" или „со природата управува невидлив „бесконечен дух", некоја виша „непостижна сила" која се твори „од ништо"[166]).

Тргнувајќи од точната претпоставка дека филозофскиот идеализам е нераскинливо сврзан со религијата, Светозар Марковиќ нив неоправдано ги идентификувал. Отаде тој нив и ги третира на ист начин, од што произлегува позитивистичкото негирање на какво и да е значење на идеализмот кој е, според него, само грешка и заблуда, „глупост" па тврди „дека сите богословски и метафизички науки се конбинации со нули"[167]).

Реалниот правец ќе вика и „научен", а само поретко „материјалистички". Со тоа очевидно Светозар Марковиќ настојувал да ги избегне лошите морални импликации што последниот термин може да ги предизвика кај филозофски неподготвените читатели. Тоа покажува дека сфаќањата на Светозар Марковиќ биле обоени мошне јарко со просветителство. Тој дури смета дека „од решението дали ќе победи научната вистина или не, зависи како ќе се развива сиот иден живот на човечкото општество"[168]). Тука тој се надоврзува на идеите на француските материјалисти од XVIII век од кои особено го цени Холбах и неговиот „Систем на природата", а најмногу мислата оти „душевните својства" на човекот се плод на неговата организација и воспитание[169]).

Религијата не ја одвојува од суеверието. Со тоа неговото просветителство се разликува од Доситеевото и неговите бројни следбеници. Светозар Марковиќ оди многу подалеку и од Конт кој настојувал да заснове „научна" религија. Според нашиот мислител и последната како и сите видови религија има многу мистицизам[170]). Слабоста и неукоста на човекот во објаснувањето на природните појави на кои попосле им се придружува и влијанието на човечкото општество како и личните интереси на човекот — тоа му се причините за појавувањето на религијата[171]). Религијата е непомирливо спротивна на основните принципи на науката. Додека религијата е догматска и фанатична, додека таа развива нееднакост меѓу луѓето, науката е слободно иследување, за најголем авторитет го прима човечкиот ум од што резултира рамноправноста и слободата меѓу луѓето[172]).

---

166) Op. cit., стр. 225.
167) Op. cit., стр. 282.
168) Op. cit., стр. 251.
169) Op. cit., стр. 245.
170) Op. cit., стр. 290.
171) Op. cit., стр. 229.
172) Op. cit., стр. 230.

Држејќи се главно за Контовата класификација на науките, Светозар Марковиќ врз основа на големите откритија во хемијата, физиката, геологијата, астрономијата, биологијата и психологијата докажува со Бихнер дека силата и материјата се вечни[173]), дека „се скопчани нераздвојно"[174]). Животот на природата е вечна нивна смена. Светозар Марковиќ дава своевидна теорија на развитокот. Но сепак се држи за гледиштето дека „во животот на материјата владее полн коловрт", дека „нема суштинска разлика помеѓу животното и човекот"[175]), а дека природата постапува насекаде „според сосема механичен пат"[176]). Ова сфаќање е насочено против теологијата и тоа е неговата позитивна страна, но прекумногу ги упростува работите и не ги увидува квалитативните разлики помеѓу разните слоеви на стварноста.

Светозар Марковиќ отстапува од мислењето на Молешот дека мислењето е вид лучење, а мислите вид лучевини, како и од Бихнер дека мислењето е природно движење како дејството на мускулите. Тој е приврзаник на теоријата дека мислењето е рефлекс, поправо „рефлексивно движење на нашите органи"[177]). Со тоа тој се придружил кон Сечењев, Прочуениот руски физиолог, Оваа мисла тој уште подобро ја изразува кога вели дека „мислата е одбиено (рефлексивно) движење на нашиот мозок следствие на сите минати и сегашни впечатоци"[178]). Меѓутоа, од ова тој заклучува дека мислата, волјата и сиот душевен живот е материјален во таа смисла што настојува да ја сведе мислата на движењето на мозоковата материја, а последнава „на познатите физиолошки и хемиски закони што важат и за сета природа"[179]). Мислењето е пасивно воспроизведување на надворешните настани без сопствена сила тоа обратно нив активно да ги мени и преобразува.

Што се однесува за сфаќањето на Светозар Марковиќ за моќта на човечкото познание тие не се ослободени од агростицизам. Овој факт е секако последица на неговиот механички материјализам. Тој е свесен за тежината од решавањето на проблемот: „на кој начин:. . . од движење станува мисла?"[180]). Одговорот гласи дека науката отворено признавала оти не може да го реши него, бидејќи „ние ги познаваме само појавите и законите според кои тие се случуваат, за секое друго знаење ние немаме никакви органи, никакви способности"[181]). При тоа тој се повикува на Луис чија книга „Историја на философијата" ја читал на руски. Борејќи се против религијата, тој се бори и против метафизиката при што овој последниов термин го сфаќа во позитивистичка смисла: метафизиката му е наука за „јатката на природата", за суштината на нештата. Но во овие суштини човечкото знаење не може да продре. „Човечкото знаење —

---

[173]) Op. cit., стр. 258.
[174]) Op. cit., стр. 259.
[175]) Op. cit., стр. 265.
[176]) Op. cit., стр. 269.
[177]) Op. cit., стр. 277.
[178]) Ibid.
[179]) Op. cit., стр. 278.
[180]) Op. cit., стр. 279.
[181]) Ibid.

инсистира нашиов мислител — е само човечко"[182]) и понатаму: „Секо обид да се проникне во „јатката на природата" претставува обид за нешто невозможно"[183]). Ваквите обиди биле апсурдни.

Од реченово може да се разбере зошто Светозар Марковиќ го става познанието во најтесна врска со устројството на човековиот организам. „Кога нашиот организам би бил нешто поинакво, — ни вели тој, — кога ние, на пример, би имале едно сетило повеќе или помалку, сиот свет би ни изгледал поинаку". Каков е организмот такво е и познанието, а бидејќи тој може да се замисли и поинаков одошто е, бидејќи има животни со организми кои се разликуваат од организмот на човекот, бидејќи може да се замисли поинаква организација и на телото и на самиот човек — може да има и поинакво познание. Својствата на човечкиот организам се такви што тој „не е способен да познае ништо повеќе до појавите (било во надворешната природа или во самиот човек) и редот, т. е. законите по кои се случуваат"[184]). Не се претпоставува дека со измената на човечкиот организам, со неговото усовршување може да се усовршува и познанието, што може логички да се претпостави од неговото што — туку изложено становиште.

Агностицизмот на Светозар Марковиќ е налице и кога се работи за толкувањето на принципот на каузалитетот. Тој тука завзема становиште слично на Хјумовото: каузалитетот се сведува на навика. Така тој вели: „Што ние една појава во природата ја викаме причина, а друга последица, што ние веруваме дека исти причини секогаш ќе предизвикаат исти последици (. . .), што ние, значи, веруваме во непроменливоста на природните закони—тоа е просто наша навика која нема никаква друга основа освен таа што никогаш еден човек не се уверил во спротивното"[184a]). Лишувајќи ја причиноста од објективна заснованост, тој не гледа дека со тоа во значителна мера ги подрил темелите на материјализмот кој на него му е толку важно да го образоложи. Созерцателниот материјализам во теоријата на познанието лишен од дијалектиката и допир со практиката сфатена како општествена производна дејност, останал незавршен и незаснован, немонолитен и подложен на идеализми кои ги поткопуваат неговите темели и ја нагризуваат неговата јатка.

Прашањето за критериумот за вистината или, со негови зборови, прашањето за тоа „каква гаранција ние имаме дека тие (природните —Ј.Ј) појави навистина постојат, дека тие не се само сништа на нашето воображение?" се решава со тоа што се повикува на нашето знаење да ги прорекнуваме појавите[185]). Светозар Марковиќ со прочуениот Лапласов врховен ум смета дека „кога би биле во состојба да го пресметнеме сето движење на секој атом во дадениот момент ние би биле во состојба однапред да ја претскажеме сета идна човекова историја, сета историја на нашата земја итн"[186]). Со ова тој ја споделува предрасудата на своето

---

182) Op. cit., стр. 281.
183) Op. cit., стр. 282.
184) Op. cit., стр. 280.
184a) Ibid.
185) Op. cit., стр. 281.
186) Ibid.

време дека иднината може да се има како на дланка стига да ни се дадени потребните елементи за нејзиното пресметнување во сегашниот момент, т. е. дека ништо ново не се случува во светот. Денес ова становиште е надминато и од науката и од филозофијата. Заблудите на Светозар Марковиќ се заблуди на научниците на епохата во која живеел.

Нашиов мислител се труди да покаже дека развитокот на познанието на појавите и нивните закони е бесконечен процес, дека ова познание е вистинско и стварно колку што е достатно за неговите потреби. Човекот ги познава појавите и тие ги задоволуваат неговите потреби. Што е поголемо познанието тоа повеќе потреби се задоволуваат. Тоа е достатно за нас. Што се однесува до суштината на појавите ние треба да ја оставиме на мира, зашто е залудно таа да се бара, барањето на суштината е јалова работа, зашто ги надминува нашите сили.

Овие и слични сфаќања не треба да ни ги затворат очите за основниот, позитивниот стремеж на Светозар Марковиќ да изработи поглед на светот кој ќе се потпира на до тогаш најразвиените — природните науки. Тој нив најмногу ги цени и ги претпоставува на другите. Сите други науки „правото" и „етиката", т. е. науката за званичниот и незваничниот морал, „економијата", „политиката", „естетиката", „педагогијата" и сите општествени науки, — мораат да ја издржат ревизијата на природните науки"[187]). Тој смета дека посматрањето и експериментот се најсигурните методи за откривањето на законите на појавите. Кога човекот во стара Грција фатил да посматра и да ги бележи посматрањата" тој направил решителен чекор напред. Но дури експериментот е „моќно орудие на современата наука"[188]). Неговата сила е толкава што се констатира дека „против експериментот нема апелација"[189]). Ќе сме биле близу до вистината, ако врз науката го примениме „методот на природните науки" „па заклучуваме од познатото кон непознатото"[190]), т. е. ако заклучуваме по индуктивен пат. Од тоа произлегува дека индукцијата, според Светозар Марковиќ, е универзален и единствен метод на познанието со кој треба да се служиме во сите науки.

И покрај слабостите и недоследностите на филозофските погледи на Светозар Марковиќ, особено на гносеолошките и покрај неговата скромна задача само „да ги популаризира резултатите на науката" несомнено е дека тој застанал на позициите на една напредна филозофија, на позициите на материјализмот и атеизмот. Тој отворено ги изнесувал и бранел своите гледишта во една примитивна средина и постигнал по цена на страдања и прогонувања кои ја предизвикаа и неговата многу рана смрт, да постигне каде-каде повеќе одошто она што го изрази со скормни зборови: тој ги конкретизирал принципите на материјалистичката филозофија и дал теориеска основа на српската револуционерна демократија[191]). Тој учеше: „Убедувањата не можат

---

187) Op. cit., стр. 291.

188) Op. cit., стр. 233.

189) Op. cit., стр. 258.

190) Op. cit., стр. 235.

191) В. История филодофии, т. II, стр. 467.

да се позамјат од страна, туку мора да се прекуваат во самиот човек"[192]). Неговите списи покажуваат дека тој иако млад по години, но зрел по искуство и знаење, по она што го научил и проживееал, добро ги сварил во себеси оние теории кои во неговото време биле најнапредни, имено на природните науки. Што не се издигнал на рамништето на дијалектичкиот материјализам, пред чии врати стоел па дури и ги подотворил, без да навлезе во него, покажуваа колку тој бил син на својот народ и колку бил срастен со приликите во кои живееал. Дијалектичкиот материјализам е плод на многу поразвиени општествени услови, а не само на развиените услови на науката. Тој се потпира врз модерната работничка класа чиј е поглед на светот, Светозар Марковиќ ништо не очекувал од пролетаријатот, зашто него во Србија во тоа време, речиси и го немало. Тој поттикнуван од хумани побуди, сакал на својот народ да му ги отклони ужасите што ги носеше капитализмот. Тој во тоа не успеа, но тој успеа, а во тоа е токму неговата историска заслуга, да го зачне она демократско и социјалистичко движење кое во Србија доведе до образоваењто на модерен политички живот, успеа, понатаму, да развие интерес и љубов кон науката, а омраза кон секаков вид суеверје и религија кај младината и ја одушеви интензивно со неа[193]) да се занимава. Тоа е резултат ос кој ретко кој може да пофали.

## ЛОГИЧКИ УЧЕБНИЦИ И РАСПРАВИ

Ние веќе говориве за повеќе логики изработени од српски автори во текот на првата и двете децении од втората половина на деветнаесеттиот век: од првата српска логика на Шимиќ до логиката на А. Васиљевиќ. Во нив дојде до израз влијаниети на разни филозофи и логичари од Волф, Кант и Круг, преку Хегел до Миловата индуктивитсичка и психологистичка логика која триумфира кај Милан Кујунџиќ и А. Васиљевиќ при што првиот психологијата ја темелеше на физиологијата, а со тоа ја засновуваше механистичко-материјалистички, иако недоследно, а вториот настојуваше да остане доследно на пиозитивистички позиции. Во последните децении од XIX век во Србија се појавија уште некои логики и логички расправи.

Така *Света J. Никетиќ*, професор по богословија и член на Српското учено друштво издаде „Елементарна логика" (1878)[194]). Таа е мошне кратка, всушност, како вели самиот автор, е извод од логика

[192]) Светозар Марковић, Сабрани списи, I, стр. 248.

[193]) Единствена студија за философските погледи на Светозар Марковић е: Деян Павлов, Материялизмът на Светозар Маркович, Известия на Института по философия на Българската Академия на науките, т. VII, кн. I/1962, стр. 219—251. В. и Светислав Матић, Светозар Марковић и природне науке, ЛМС, књ. 358/1946, стр 226—231; Душан Недељковић. Лик Светозара Марковића револуционара мислиоца и његова три извора и три составна дела, Гласник САН, књ. III, св. 2, Београд 1951, стр. 200—207. Библиографија за Светозар Марковиќ на српскохрватски в. Светозар Марковић, Одабрани списи, Нови Сад, Београд 1951, стр. 240—341, а литература стр. 342—347.

[194]) Свет. J. Никетић, Елементарна логика, Београд 1878.

наменет на учениците од богословијата. Пишувана е според руски автори (Краснов, Красновски) кои се користеле со германски извори од формалистичкиот правец, т. е. Кантовиот и Хербартовиот правец. Тој својата логика ја противставува на логиките на Кујунџиќ и Васиљевиќ иако не експлиците кога вели дека неговите узори „не мислат оти единствен метод на филозофијата е методот на природните науки. Затоа — продолжува тој — ни оваа логика не е напишана во духот на индуктивистичката логика, туку е повеќе заснована врз дедукцијата[195])". Враќајќи се веќе на изминатиот период, тој зборува за душата како „суштество просто, кое нема делови; таа е духовна и разумно слободна"[196]), за моќи на душата, а логиката ја определува како „наука за формите, облиците и законите на мислењето"[197]). Овие форми и закони се огледувале во самото мислење. Спротивсатвувајќи се на индуктивната логика смета дека логиката не можела да се задоволи само со наведување на емпириски изработени закони и форми на мислењето[198]). Поимот му е „секоја единична претстава добиена со мислењето"[199]), судењето „негосредно определување на еден поим со друг"[200]), а заклучување, кое го изедначува со силогизмот, имаме кога „од познатите вистини изведуваме некоја трета"[201]). На крајот дава низа примери за богословска употреба. Оваа логика е мошне притесната, мошне сиромашна. Таа е многу под нивото на индуктивните логики кои ги критикува.

*Петар Радуловиќ*, управител на Српската учителска школа во Карловци издаде „Логика за школи и самоуци" (1882)[202]) што е многу поиздржана од претходната. Напишана е јасно и разбирливо, но е прилично непотполна особено во одделите за силогизмот и доказот. Во неа дошло до израз бркањето на разни сфаќања за логиката какви се формалното Кантово и Хербартово и психологистичкото на Мил.. Предмет на логиката му е мислењето кое се потпира врз претставите, па затоа и прв услов на мислењето му е со надворешното и внатрешното восприемање да доаѓаме до претстави. Надворешното восппримање се вршело преку петте сетила, а внатрешното преку самосвеста[203]). Логиката се сфаќа како „наука која нас не запознава со формите и законите на мислењето"[204]). Но тоа е и „наука на знаењето или наука на самата наука"[205]). Тоа е Миловото гледиште. Но под влијанието на Кант и Хербарт тој дава и поинаква определба на логиката како наука која „врз содржината ги применува само своите форми и зкаони"[206]).

---

[195]) Op. cit., стр. III.
[196]) Op. cit., стр. 1.
[197]) Op. cit., стр. 5.
[198]) Op. cit., стр. 6.
[199]) Op. cit., стр. 13.
[200]) Op. cit., стр. 21.
[201]) Op. cit., стр. 28.
[202]) Петар Радуловић, Логика за школе и самоуке, Београд 1882.
[203]) Op. cit., стр. 1.
[204]) Op. cit., стр. 2.
[205]) Ibid.
[206]) Ibid.

Психологистички го определува поимот како „општа претстава во која ги замислуваме наедно еднаквите знаци на посебните претстави"[207]). И во делењето на поимоте на јасни и темни, чисти и збркани се земаат во внимание психологистички моменти. Радуловиќ разликува и вистински и погрешни поими. Во определебата на судот го нагласува волевиот момент, велејќи дека судот бил „решение на разумот дали два предмета (две претстави или два поима или две претстави и поим) можат да се спојат или не"[208]). Од законите на мислињето му е најважен оној за разлогот како основа на заклучувањето додека другите закони биле основа на судењето. Прилично место остава за индукцијата и за „систематското знаење". Во одделот за индукцијата говори за аксиомите како „судови (пресуде) изведени врз основа на искуството, кои искажуваат таква општа вистина што разумот мора без каков и да е доказ веднаш да ја признае"[209]). Такви аксиони биле: сите луѓе се смртни, целината е поголема од еловите, секоај пирчина има своја последица како и повеќето народни пословици!

Овдека е местото да кажеме некој збор и за познатиот српски книжевнен критичар и професор по психологија и логика на Великата школа

## МИЛАН НЕДИЌ
## (1858—1902)

Се родил во Белград каде завршил гимназија. Филозофија студирал во Лајпциг, а едно време престојувал и во Лондон.Докторирал во Лајпциг кај Вунт со дисертацијата „Учењето за квантификацијата на предикатите во новата англиска логика"[210]). Напишал и мала расправа за софизмите[211]) а ни останале и прибелешки од неговите предавања по логика на Великата школа[212]).

Во својата дисертација тој се зафатил да ја изнесе предисторијата како и самото учење за квантификацијата во англиската логика кое дојде до полн израз кај В. Хамилтон. Тежиштето при тоа е врз теоретската страна на прашањето за квантификацијата кое толку ја интересува современата логика и на приговорите кои на него му се упатувале пред сѐ од Мил. На крајот од расправата дава своја оценка на теоријата за квантификацијата потпирајќи се при тоа главно врз својот учител Вунт.

---

[207]) Op. cit., стр. 5.

[208]) Op. cit., стр. 20.

[209]) Op. cit., стр. 59.

[209a]) За логиката на Радуловиќ в.: Михајло Поповић, Уџбеник логике Петра Радуловића, Огледи, зб. радова Београд 1953, стр. 28—31.

[210]) Ljubomir Hedich, Die Lehre von der Quantification des prädicats in der neueren englischen Logik, Leipzig 1885.

[211]) Љубомир Недић, О софизмима, Београд 1889. В. и во Целокупна дела, књ. друга, стр. 367—392.

[212]) Во Народната библиотека во Белград има еден примерок под наслов: Психологија и логика Н. Д. Васића по Др Љуб. Недићу (шапирографисано). Предавањата се држани од 17-II-1886 до 23 април 1887. Страниците не се означени.

Миловата логика Недиќ ја оценува како „англиски систем par excellence". Сепак смета дека за развитокот на нему современата англиска логика било многу позначајно учењето за квантификацијата, зашто посредно или непосредно од него произлегле системите на логиката доминантни во Англија[213]). Осврнувајќи се на историјата на проблемот, Недиќ потцртува дека Аристотел ја отфрлаше квантификацијата на предикатите како погрешна и прекувишна, а со него ја отфрлаа и коментаторите. Во ренесансот квантификација на предикатите применувале некои логичари каков, е, на пример, Лоренцо Вала, но кај нив таа била само техничка постапка без да увидат дека таа има големо теоретско значење, Тој во спорот за тоа кој е основателот на теоријата за квантификацијата: Бентам или Хамилтон, мошне убедливо покажува дека Бентам ја познавал квантификацијата на предикатот во судот, но не станал откривач на нејзината теорија како ни мнозина логичари пред него, бидејќи и тој е заинтересиран само за нејзината техничка страна. Заслугата на Бентам била што тој барем во Англија прв ги претставил судовите во формата на равенки. Иако Бентам не влијаел врз развитокот на алгебарско-симболичката логика, бидејќи неговиот систем бил заборавен, сепак тој си извојувал сигурно место во историјата на логиката.

Причината за запоставувањето на теоретската страна на прашањето на квантификацијата кај Бентам и другите логичари била што тие стоеле на становиштето дека логиката е вештина која главната своја задача ја гледала во утврдувањето на упатствата за правилното мислење. Таквото гледиште било неподесно за теоретско- научно иследување. Дури Хамилтон успеал да го надмине ова, да го наречеме, практицистичко гледиште зашто во логиката гледал не нормативна туку теориска наука за законите на мислењето и успеал теоријата на кватификацијата научно да ја образложи. Тој го сфатил сиот нејзин значај и ја вовел во логичката наука. Со тоа тој станал нејзин основател.

Нашиов логичар нагласува дека јатката на теоријата за квантификацијата се состои во експлицитното нагласување на квантитетот на обата поима во судот кои со тоа се пратставуваат како квантитети, а самиот суд се сфаќа како однос на равенство помеѓу квантитетите на субјектот и предикатот, значи како логичка равенка. Тој нагласува: „Во ова сфаќање на судот на супсумцијата како равенство лежи... вистинското, пионирското значење на квантификацијата"[214]). Со ваквото сфаќање на поимите како логички квантитети било можно да се развие мошне значајното математичко третирање на логиката. Со полно право, според нас, Недиќ решително станал против ученикот на основателот на алгебрата на логиката Џ. Бул—Вен кој сметал дека математичката логика на Бул не стоела во никаква врска со учењето на Хамилтон. Вен не го сфатил него правилно, бидејќи како единствен негов резултат го сметал обогатувањето на формите на судот од четирите аристотеловски A, E, I, O на осум. Недиќ вели: „Дека при една квантификација на предикатот нив ги има осум е короларија, а никако јатка на учењето за

[213]) Љубомир Недић, Die Lehre итн., S. 5.
[214]) Op. cit., S. 37.

квантификацијата. Сигурно е дека Бул не се надоврзал на нивната нова поделба; бројот на формите на судот за симболичкото претставување и третирање на логичките операции е сосема безначаен"[215]). Како јатка на теоријата на квантификацијата со полно право Недиќ го смета „изричното нагласување на квантитетот на поимите што се содржат во судот, кои со тоа се претставуваат како квантитети, што самиот суд се сфаќа како израз на однос на равенство на обата квантитета на субјектот и на предикатот, значи како логично равенство"[216]). Во ова Недиќ се издигнал на поголема висина, покажал дека има поизострен логички усет и смисла за уочување на она што е главно во една навистина вонредно важна теорија од современата логика од самиот Џ. Вен, прославениот логичар, професор по логика и морална филозофија во Кембриџ, изнајдувач на логичките дијаграми со кои тој влезе во историјата на логиката и автор на во неговото време мошне познатата книга „Симболичка логика"[216a]).

Понатаму е интересно како Недиќ го разбира учењето на Џ. Бул. Заслуга на Бул често му се наоѓа во тоа што неговиот систем без право се сметал како обид да се сведе логиката на математиката. Меѓутоа, Недиќ вели: „Целта која тој (Бул-Ј. Ј.) си ја поставил не беше логиката да ја направи математика, туку за оваа да заснове пресметнување слично на математичкото. Како карактеристика на едно вистинско пресметнување тој пак ја означи „употребата на симболи чии закони на комбинирањето се познати и општи и чии резултати дозволуваат една непротивречна интерпретација"[217]). Но едно такво логичко пресметнување — продолжува Недиќ — нужно претпоставува да се разгледуваат поимите како квантитети, значи како големини, и тоа е воопшто можно само ако судовите се сфатат како равенки меѓу овие поими квантитети"[218]).

Ова сосема исправно сфаќање на Буловата алгебра на логиката, нагласувањето на нејзината специфика за разлика од многу логичари во она време кои неа ја вредуваа во математичката, му чини чест на Недиќ и тој ќе влезе во историјата на логиката на Југославија како претеча на симболичката логика кај нас, како човек кој бил од малцината логичари од своето време кои неа исправно ја сфатиле. Во тоа е големото значење на неговата дисертација.

Прибелешките на предавањата по логика што ги држел Недиќ на Велика школа ни покажуваат дека Недиќ сепак не го надминал рамништето на традиционалната логика и рамките на логичките сфаќања на својот учител Вунт. За разлика од психологијата логиката, смета Недиќ, „ги гледа во законите што владеат со мислењето како појава, уште и определбите, нормите, кои го врзуваат и психологот, како и

---

[215]) Op. cit., S. 38.

[216]) Op. cit., S. 39.

[216a]) J. Venn, Symbolic Logic, London 1881.

[217]) Цит. е од The Mathematical Analysis of Logic, Cambridge 1847, p. 4.

[218]) Ljubomir, Nedich, Die Lehre итн., SS. 39—40.

математичарот и секоја наука воопшто"[219]). Таа му е „наука за законите на вистината. Како *наука* за формите на мислењето, таа не води сметка за нивната примена, а се одрекнува од проблемите на познанието како што се причиноста, времето, просторот инт"[220]). Сето ова а и другото со кое настои Надиќ да ја долови спецификата на логиката, е сосема збркано и недостатно јасно да го определи нејзиниот предмет. Логиката ја дели на три дела: дел за простите облици, за сложените и за неопходните закони кои владеат во обата претходни дела[221]). Поимот му е собир од особините[222]). Во спорот помеѓу номиналистите и реалистите е помирлив. Поимите ги дели на категорематички и синкатегорематички, а кај првите разликува: општи и посебни, позитивни и негативни, апсолутни и реалтивни. Признава четири категории: предмет, својство, дејство или состојба и однос.

Судот му е аналитичен акт. Во него разликува два члена. Класификацијата на судовите му е според субјектот, предикатот и според односот меѓу нив. Според субјектот разликува неопределен, единичен и суд со повеќе субјекти; според предикатот: судови чиј предикат е предметна категорија, судови чиј предикат е својство и судови чиј предикат е состојба. Според односот на субјектот и предикатот ги дели судовите на: судови за идентитетот, за супсумцијата, за координацијата, хипотетични судови или судови на зависноста. Негативниот суд зависи од позитивниот, „поправо е суд за судот"[223]). Бесконечниот суд му е извештачен, а проблематичниот суд го става меѓу позитивниот и негативниот.

Суштината на заклучувањето, според Недиќ, „се состои во тоа да се *елиминира* средниот поим"[224]). Против Миловата аргументација на штета на силогизмот потцртува дека „при сето тоа што е заклучокот содржан во едната од премисите ние за ова не сме свесни секогаш и во секој случај и дури со изведувањето го познаваме она што го содржи заклучокот"[225]). Овдека е јасно изразено психологистичкото становиште.

Недиќ смета дека класификацијата на заклучоците според фигурите и модусите е неприродна. Тој предлага класификација според она што се заклучува: заклучоци на идентитетот, заклучоци на супсумцијата, заклучоци по сличноста и заклучоци по условеноста.

Понатаму излагањето му е во рамките на традицијате.

Во расправата „За софизмите" вели за предметот на логиката дека таа" се занимава со испитувањето на нашето мислење и бара да дознае како ова треба да го упатиме па да дојдеме до вистината[226]"). Понатаму: „Логиката и не претендира ни на што повеќе, одошто да го

---

[219]) Прибелешките по логика, стр. (8).
[220]) Ibid.
[221]) Op. cit., стр. (13).
[222]) В. ibid.
[223]) Op. cit., стр. (47).
[224]) Op. cit., стр. (54).
[225]) Op. cit., стр. (55).
[226]) Љубомир Недић, Целокупна дела, Књига друга, стр. 268.

изостри умот; таа го навикнува на точност, со која се постигнува сигурност во изведувањето на заклучоците"[227]). Софизмите ги дели на софизми на срцето и софизми на разумот. Првите произлегувале од несовршенството на човечката природа, а вторите од погрешното изведување. Едни произлегуваат од злоупотребата на зборот, а некои софизми претставуваат досетки. Тука нема ништо особено ново на што ни Недиќ немал претензиќа зашто „За софизмите" е јавно предавање.

* * *

Од другите трудбеници на полето на логиката и филозофијата ќе го споменеме *Милан Шевиќ* чија дејност се состои во издавањето учебници. Кај него не може да стане збор за некоја оригиналност. Неговата „Логика за средни школи" (18894)[228]) е превод на познатиот на времето учебник во Франција на Рабие-Вормс, а „Уводот во филозофија" (1893)[229]) е комбинација од гледиштата на Рабие-Вормс и оние на Линднер, Лоце и други, на позитивизмот и конвенционализмот со хербартијанството.

Ќе се задржиме на расправата за имперсоналиите што на германски ја издаде *Миливој Јовановиќ*[230]). Во неа тој настојува да го реши проблем за импресоналиите, судовите од типот: грми, молска итн. Тие се, според него, согласни со теоријата за двочленоста на судот, т. е. судови со неопределен субјект. Јовановиќ ги подлага на критика низа теории на импресоналиите. Тој ја отфрла теоријата за тоа дека овие судови се вид судови без субјект (Хербарт, Тренделенбирг и др.) како и обидот на Брентано да докаже дека двочленоста не е нужен белег на судот. Исто така тој е и против теоријата на Зигварт која ги сведува импресоналиите на судови за наименување (Bennenungsurteile) чија суштина се состои во свеста за подударноста на она што се перцепира со една поранешна претстава. Исто така ја отфрла и теоријата на Лоце,Ибервег, Шлаермахер, Прантл и Бергсон кои субјектот на импресоналите го сфаќаат како универзален. Своето гледиште авторот го излага во скалд со В. Вунт и Б. Ердман. Интересно е гледиштето негово дека импресоналиите не се примитивни судови: примитивните луѓе секогаш персонифицирајќи ја природата, подметнувале субјект кон имперсоналиите. Отаде заклучуваме дека овие судови се продукт на поразвиеното мислење.

М. Јовановиќ смета дека субјектот и предикатот се „две претстави кои нужно се бараат една друга, Штом ова барање се укине овие две претстави престануваат да бидат субјект и предикат"[231]). Затоа актот на имперсоналните судови не е двоен (како смета Зигварт) а ни единствен акт. За изникнувањето на имперсоналиите вели: „Имперсоналиите наста-

---

[227]) Op. cit., стр. 369.

[228]) Rabier, Worms, Логика за средње школе, пр. Милан Шевић, Београд 1893.

[229]) Милан Шевић, Увод у филозофију за средње школе, Београд 1893.

[230]) Миливој Jobanovich, Die Impersonalien. Eine logische Untersuchung, Белград 1896.

[231]) Op. cit., S. 43.

нуваат, од една страна, следствие на непознавањето на субјектот на настаните кои се вршат во воспријатието (in der Anschauung), и од друга страна, следствие на господствувачкиот начин на сфаќањето на нашиот интелект да ги цени настаните непосредно како дејност на некој субјект. Тие се, прво, според природатата на својот субјект, како со право ги нарекол Вунт, „непосредни судови", и, второ, во поглед на односот на составните делови на судот, како Б. Ердман ги означи, „неопределени каузални судови"[232]).

Позитивно е настојувањето на авторот судот да се сфати како единствен акт, за тоа дека „судот е жива функција, која имено се состои во утврдувањето еден определен однос"[233]). Исто така заслужува одобрување одделувањето на имперсоналните судови од персоналните судови, т. е. оние кои по форма содржат субјект, како и од оние што по форма (јазичкиот израз) се имперсонални, додека според содржината инволвираат субјект. Критериум за ова издвојување авторот наоѓа не во невозможноста да се наведе субјект, ами во неопределеноста на субјектот, невозможноста да се наведе субјект не значи дека тој навистина недостасува[234]). Ова може да биде следствие на природата на субјектот. Ако тој ни е нам непознат, неговата претстава е неопределена и ние не сме во состојба поблиско да го определиме[235]). Според овој критериум кој се наоѓа кај Ердман и Пулс, но кај нив е неконсеквентно спроведен, имперсоналии се и ставовите „боде" („es sticht"), „гори" („es brennt"), „ме тресе" („es schüttelt mich"), наспроти на Ердман кој ги смета како персоналии. Ист бил случајот со „врне", „се дими" („es raucht"[236]), додека „зима е, лето, ден, ноќ, пладне, девет часот" не се имперсоналии, ами или се егзистенцијани судови или во нив она „es" (во „es ist winter итн"). е независно од „ist" кое како показна заменка укажува на присутен субјект[237]).

Меѓутоа, Миливој Јовановиќ како и неговите узори прекумногу психологистички ги поставил работите. Според него, судовите не се одраз па состојбата во светот, ами тој гледа на нив како на психички образувања кои се однесуваат или на воспријатија или на мисловните процеси, Така, според него, условите за утврдувањето на еден однос можат да лежат „во реалната поврзаност на перцептивните содржини кои мислењето во судот ги подражава или во констелацијата на мисловната поврзаност и тек од кои ќе се земаат членовите на судот што треба да се исполни, или конечно во особените цели на кои треба да им следува нашата способност за судење"[238]). Судот овдека се субјективизира, т. е. се психологизира и во таа ситуација е тешко да се сфати неговата логичка специфика. Формално логички судот не може да биед процес, ами нешто

---

232) Op. cit., S. 45.
233) Op. cit., S. 111.
234) B. op. cit., S. 119.
235) Ibid.
236) B. op. cit., S. 122.
237) B. op. cit., S. 136.
238) Op. cit., S. 112.

определено што укажува на она што е постојано во тој процес, нешто оформено, искритилизирано. Затоа формалната логика само во логичката форма, а не го судот кој е психолошка категорија и колку и да го вртиме и превртуваме не ќе го најдеме она што нас како логичари не интересува, може да го најде она што и е само нејзе примерено. Се разбира, тоа на Јовановиќ не му паѓало на ум.

* * *

Во втората половина на XIX век кога Србија под влијанието на развитокот на капитализмот и странските вложувања во стопанството почнала да се извлекува од изостанатоста со оснивање на индустрија, правење пруги итн., се засилуваат и движењата во политичкиот живот. Буржоазијата настојува со пактирање и компромиси да се приспособи кон владеачката деспотија на Обреновиќите или да создаде нова политичка форма која ќе погодува на нејзините интереси. Од друга страна, со осиромашувањето на селанството и неговото се поголемо преселување во градовите, со созревањето на се́ побројната работничка класа се шират идеите на социјализмот. Српското општество решавајќи ги прашањата на буржоаската револуција го осети присуството на идеите кои ги надминуваат нејзините рамки. Отаде и двојственоста на буржоазијата. По смрта на С. Марковиќ на ширењето на социјалистичките идеи во Србија работи *Васа Пелагиќ* (1833—1899), непомирлив борец против религијата, пламен застапник на филозофијата на здравиот разум, на „таквата филозофија што се засновува врз природата, врз здравиот и чист разум, врз вистините и фактите што потекнуваат од изворот на стварите и битните органски потреби на човекот и народот"[239]). Тој се застапува за „реалната филозофија"[240]) и развива еволуционистичка материјалистичка теорија. Но кај него не е основна оригиналноста на мислите, кои се сите на линијата на просветителскиот материјализам и утопистички социјализам, ами неговата пропагандистичка активност. На ширењето на социјалистичките идеи во Србија работи и Мита Цениќ и др.

Процесот на општествениот и економскиот развиток во Србија продолжи и во почетокот на XX век. Со соборувањето на Арександар Обрановиќ и изострувањето на класните противречности како и следствие на долгогодишната и упорна работа на социјалистите во 1903 година во Србија се создава Социјал-демократската партија. Во нејзините редови со својата дејност се истакнаа *Радован Драговиќ и Димитрие Туцовиќ* како и *Душан Поповиќ* кои особено се заслужни за ширењето на марксистичката идеологија како писатели и политички деатели. Тука пред се́ е заслужен Димитрие Туцовиќ[241]).

---

[239]) Васа Пелагић, Социјализам или основни препорођај друштва, Изабрани списи, књ. III, Сарајево, стр. 129.

[240]) Op. cit., стр. 131.

[241]) Тој во однос на I световна војна завзеде ист став како и Ленин.

*Jonče Josifovski*

## LA THEORIE DE LA CONNAISSANCE ET DE LA LOGIQUE CHEZ LES SERBES AU XIXe SIECLE

(*RÉSUMÉ*)

L'objet de la présente étude est l'apparition et l'évolution de la théorie de la connaissance et de la logique formelle chez les Serbes au XIXe siècle. Son auteur analyse les conditions sociales et historiques de la Serbie au siècle passé et étudie chronologiquement les penseurs serbes et leurs ouvrages touchant ce domaine. Il fait d'abord l'analyse du premier ouvrage de logique chez les Serbes, composé par Nikolaj Šimić et en établit l'importance. Il étudie ensuite les ouvrages des slavo-serbes, ceux des hégéliens et des kantiens (Uroš Milanković, Konstantin Branković, Mihail Hristifor Ristić et autres), des penseurs positivistes serbes (Milan Kujundžić et Alimpie Vasilević), pour finir avec les penseurs serbes les plus importants, tels que Živojin Žujović et, surtout, Svetozar Marković dont il étudie en détail les oeuvres.

L'étude se termine par l'analyse des manuels scolaires de logique et des traités, publiés en Serbie dans la seconde moitié du XIXe siècle, et surtout des ouvrages de logique de Milan Nedić, critique littéraire serbe très connu.